# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од третото продолжение на Педесет и треттата седница
На Собранието на Република Македонија , одржана на
7 мај 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по Педесет и треттата седница на Собраниеот на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Сашо Дохчев, Андреј Жерновски, Стојан Андов, Трифун Костовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулаќим Адеми, Фазли Велиу, Марјан Ѓорчев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоилова-Цветановаска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со Седумнаесеттата точка - **Предлог за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон;**

Предлагач е пратеникот Стојан Андов, меѓутоа колегата не е присутен денес, така што оваа точка ќе остане да ја поминем на некое друго продолжение на седницата.

Минуваме на Осумнаесеттата точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ”-Битола, “АЛФА С” - Скопје, и “ЛАВЦИ: -Охрид, со Предлог на закон.**

Предлагачи на овојзакон се пратениците Томе Тромбев, Јани Макрадули и Слободан Најдовски.

Имаме присутни предлагачи.

Предлогот за донесување на законот со Предлгоот на законот, мислењето на Владата, Дописот на Комисијата за финансирање и Бузет, Извештајот на Законодавно-правна комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Еве конечно денес го имаме на дневен ред, Предлогот на закон за обештетување на штедачите на пропаднатите штетилници "ТАТ, "АЛФА С" и "ЛАФЦИ". Овој Предлот за донесување на закон т.е. за измени и дополнување на постоечкиот Закон, ние го дадовме минатата година на 16 октомври и ова е можеби еден од предложените измени и дополнувања на закони кој што најдолго е во Собраниска процедура од почетокот на работата на овој Парламент, и верувам дека сето тоа беше од оправдани причини, земајки ги во обзир приоритетите на државата во претходниот периот.

Меѓутоа добро е што еве денеска имаме можност да подебатираме поовој закон, кој што закон веќе подлго време предизвикува разни коментари и во медиуми и меѓу граѓанството особено во градот од кој што јаа потекнувам. штедачката агонија на пропадната штедилницdevice "ТАТ" создаде седумгодишна голгота за повеќе илјади штедачи во Битола, кој поминаа низ трнлив пат и изместени диоптрии од нивната вистинакако безболно да бидат обештетени. За жал временската рамка, безусловно опфати состојба  на политичко инструментализирање, но и манипулирање на граѓните во еквивалент за поигрување со нивните персонални судбини. Беа создадени штедачки асоцијации со разни цели  и манипулативни потреби, се создаваа лидери и квази лидери, беа потпишувани меморандуми и т.н. Ветувањата, скоро поправило се движеа во правец кон популистички инструменти кои во повеќе наврати  беа употребувани за изборни потреби.  Но, на страна од политичката димензија и нејзиното преплетување со "ТАТ", "АЛФА С" и "ЛАФЦИ". Решението преку Законот за регулирање на побарувањата на штетилници "ТАТ, од Битола, "АЛФА С"  од Скопје и "ЛАФЦИ" од Охрид, попознатокако закон за конвертибилни сертификати, е донесен од ова исто Собрание во претходниот состав на крајто на мај 2002 година, во пресрет на парламентарните избори.

Денес можеме да констатираме дека оснвоната цел што требаше да ја постигне законот, не се остварува во целсот и по својата структура и по својот опфат. Создаде уште поголемо незадоволство и реакции кај штедачите и нивните асоцијации, Одборот на доверители на "ТАТ" во стечај, Иницијативниот одбор и

други. Причина за тоа е фактот што конвертабилните сертификати што ги добија доверителите, физичките лица уште на самиот старт имаа ограничувачка можност да бидат материјализирани.

Во основа, според член 3 од овој Закон беше опфатено точно квантифицирана бројка на штедачи со штедни износи до 1000 евра, износи исплатени во рок од 45 дена. Меѓутоа на останатите штедачи, доверители на "ТАТ", по основ на штедните влогови им се издадоа конвертабилни сертификати како долгорочни хартии од вредност со временска рамка од две години на нивното траење и тесен опфат за купување. Да потсетиме, во членот 8 од Законот е предвидено конвертибилните сертификати да можат да се користат за купување и отплата на удели и друг имот со кој располага Агенцијата за приватизација на Република Македонија и други акции во сопственост на државата. Тоа, како штопокажа практиката, се покажа како лимитирање на употребната вредност на сертификатите. Токму затоа на пазарот за хартии од вредност, нивната цена сега е падната дури на 15% од номиналната вресност. Со други зборови речено, поранешните штедачи на трите споменати пропаднати штедилници се доведени во иста положба во која беа пред донесувањето на законот. Нивните побарувања не се надоместени.

Во членто 8 став 3 од истиот Закон е определено  конвертабилните сертификати да можат да се користат во рок од две години.

Имајки ја предвид состојбата во која се најдоа оштетените штедачи, пред се поради ограничената можност за употреба на конвертабилните сертификати со кои располагаат, сега тие се доведени во временски теснец. Не е потребно кој знае каква анализа дека конвертабилните сертификати, така проектирани како во Законот не го дадоа вистинскиот одговор за најголемиот број на штедачи. Факт е дека пред две години се зборуваше и молчеше за фингирани трансакции каде поединци остварува двонасочна корист, прво преку договорени приватизациони дисконти, а потоа преку наплата со конвертабилни сертификати, купени многу поефтино од нивната номинална вредност. Малата и неатрактивна можност за купување беше главниот фактор што на берзата за долгорочни хартии од вредност сертифиактите постојано имаа на надолен трнд. Впрочем најголемиот опсег на нивното тргување е реализиран во износ од триесетина проценти од нивната номинална  вредност,а моментно  вредноста на сертификатите се паднати на само 15% однос номинала. Коментар не е потребен. Од друга страна реакциите на штедачите беа сосема евидентни во очекување на подобри решенија од она што досега им беше понудено.

Од бројните средби што сме ги имале со оштетените штедачи поволно решение може да се оствари акос е задоволат две оснвони барања:

Прво, да се прошири употребната можност на сертификатите.

Второ да се продолжи можноста конвертабилните сертификати да се користат во рок од три, место за две години.

Поттикнати од тоа ние го понудивме нашиот Предлог за изменување на закон со кој се регулираат побарувањата на штедачите. Имајки го ова во вид полесно ќе може да се свати и целисходноста на образложението што ви е доставено, содржано само во две поглавја. Оценка на состојбите и целта што ќе се постигне со овој закон, како поглавје во кое јасно кажуваме дека дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија не се потребни.

Што предлагаме ние?

Прво, за да се прошири опфатноста и ефикасното користење на сертификатите на пазарот на хартија од вредност, треба да се изврши измена во Законот. Од друга страна, покрај наведените можности и опфат за купување со сертификатите, сметаме дека можностите треба да се прошират со купување на станбен и деловен простор од ЈП за станбен и деловен простор на Република Македонија , како дополнителна но квалитетна можност. На тој начин на берзата реално е да се очекува вредносен скок на овие хартии од вредност.

Второ, сметаме дека временската рамка на конвертибилните сертификати од две години е прекуса и голем број на штедачи останаа во очеквуање, без да ги продадат своите хартииод вредност.

Во член 8 став 3 од постојниот Закон, предлагаме и продолжување на рокот на важноста од две на три години, од денот на влегување на веќе донесениот Закон, во сила. Имено во средината на јуни истекува законскиот рок од две години, а моменталната цена на сертификатите на безата, како штокажав и претходно е 15% од номиналната вредност.

Низ призма само на овие два факти би се создала една шпекуланска игра од која најмалку би добиле штедачите. Токму затоа неопходно е продолжување на овој рак за уште 12 месеци поистекот на законскиот рок.

Според мое длабоко убедување, со донесувањето на овој закон ќе биде надмината една голема неправда кон тедачите кои по 7 изминати години се сеуште во неизвесност, колку и како ќе повратат од своите штедни вологви.

Како предлагачи на овие измени, а тоа сем јас, пратеникот Јани Макрадули, г-динот Слободан Најдовски и тогашниот претседателна Собранието на Република

Македонија, г-динот Никола Поповски, сега минситер за финансии, на овие измени остануваме со убедување дека предложените измени ќе бидат прифатени и дека на ваков начин конечно ќе се остварат желбите и барањата на штедачите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Слушајки го излагањето на г-динот Тромбев, уште во старт ќе кажам дека ја с гоподржувампредлог на пратеничката група за ова обештетување на штедачите напропадните штетилници "ТАТ, "АЛФА С" и "ЛАФЦИ". Но, во самото образложение и она што кажавме и како што кажа г-динот Тромбев, апсолутно не се согласувам затоа што слушајки го образложението, се доаѓа до некое сознание дека тоа се случувало незнам кога и незнам каде, не во Битола, не во Македонија, не сега многу брзо и не пред  тој фамозен 15 септември кога некојнекому ветил дека ќе заврши одредени работи,но за жал, еве не ги заврши. Од тогаш помина доста време, додека не се огласи пратеничката група и пратениците Томе Тромбев, Никола Поповски, Јани Макрадули и Слободан Најдовски, тоа беше 16.10.2003 година. Значи после цели 13 месеци, после тој 15 септември 2002 година ког ана луѓето им се ветуваше дека тоа е последнито начин во кој претходната власт буквално ги украде луѓето, имдаде  сертификати, тие сертификати имаат вредност 47 до 49%, дека тоа не е во ред и дека тоа ќе се префрла во  обврзници, со кои обврзници во даден момент ќе се направи реално и правилно обештетување за штедачите од овие пропаднати штедилници.

Јас пред мене го имам дописот кој е доставен од  четворицата пратеници во кој стои-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за  регулирање на побарувањата , предлагаме да се стави на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија . Значи тоа беше 16.10.2003 година во 12,03 минути часот. Денес, ако добро се сеќавам дојдовме до месец мај  2004 година, сертификатите имаат важност уште еден месец.

Почнувајки ја денешната расправа, незнам дали нешто и ќе можеме да усвоиме, чисто се сомневам и покрај исказите и приказите на г-динот Тромбев, а ќе кажам и зошто.

Се сомневам дека во овој месец дена кога сертифиактите веќе стигнаа 15%, а имаше моменти, токму на почетокот на 2004 година, тоа го имам од централниот депозитар како вредност, ког атие достигнаа најмала вредност од 14,28% од номиналната вредност. Значи ако се мисли на овој начин да се заврши цела работа и да се постигне тоа за некој да ги земе токму во безвредност и на тој начин да ги обештети штедачите, ако мислиме на некое обештетување, или пак се да му земеме и да кажеме дека тука заврши како што и почна работата, тогаш е се во ред.

Господата пратеници предложија овие сертификати да бидат можност да може да се купи станбен и деловен простор од ЈП и се тоа е во ред. Но еден од тие предлагачи во меѓувреме стана минситер за финансии. На пратеничко прашање од наша колешка, Цветанка Гашовска, и тоа поставено на 9 октомври 2003 година, значи пред да биде поднесен овој закон, сегашниот министер за финансии одговара - Во услови кога реализацијата на постоечкиот закон е во тек и еден дел од штедачите веќе ги оствариле правата штопроизлегуваат од него, правно е неможно поништување на постојни законски решенија со друг закон и враќање во првобитна состојба. Од друга страна пак донесување на нов закон кој ќе се применува за штедачите кои до неговото влегување во сила не ги оствариле правата, ќе значи кришење на начелото на еднаквост на граѓаните.

Што се однесува до цената на конвертабилните сертификати, потребно е да напоменам дека таа се формира на берзата, зависи од понудата и побарувачката, исто како и кај обврзниците за депонираните штедни влогови. Нивната замена не е гаранција дека истите ќе постигнат повисока цена. Истовремено продажбата на сертифиактите на берзата е прашање на доброволен избор на сопственикот на сертификатот, до колку истиот не најде интерес нема да ги продава, туку ќе ги искористи за купување во сопственост на државата. Го цитирам министерот за финансии г-динот Поповски и одговорот на пратеничкотопрашање од ценетата колешка Цветанка Гашовска.

Ако го прочитаме Предлогот на закон што ни е доставен на нас како пратеници, токму од предлагачите, каде штопредлагач е и минситерот и во кој сега се кажува дека член 8 став 1 се менува и по зборот “ држава” се додаваат зборовите “ и за купување на станбен и деловен простор од ЈП за стопанисување со станбен и делвоен простор на Република Македонија “.    Сега кај мене се јавува една голема дилема дали на 16 .10. е тоа што го мислел тогашниот пратеник, сегашен минситер, или тоа на 12 односно на 22.12.2003 година,испратено од Министерството за

финансии до претседателот на Собранието Љупчо Јордановски. Дали е тогаш точното или е сега точното. Мислам дека , како што и почна аферата, така ипродолжува, што би рекле во Битола “маж рекол, маж одрекол”, сега можеме, утре не можеме и сето ова ќе заврши како што почнало. Но, мислам дека тоа не смееме да го дозволиме, да се направи некоја проформа колку да задоволиме определени структури, или она што сме го ветиле некаде сега на еден ваков начин да го изиграме и на крајто оние што биле излажани да останат и последен пат прелажани, со тоа што наовојначин , претпоставувам дека мнозинството ќе го одбие сето ова затоа што во тој контекс оди и мислењето на Владата, потпишано од г-динот премиер Бранко Црвенковски на 28.01.2004 година.

Владата да се произнесе по овој закон од 16.10. до 28.01. значи повеќе од три ипол месеци,но што беше причината толку време да се размислува кога и пред седум години тогашниот и сегашен премиер излезе пред оваа говорница и кажа дека аферата ТАТ е една од најголемите афери во Република Македонија и дека ако ние сакаме да влеземе во Европската Унија токму организираниот криминал поголем од аферата ТАТ јас незнам во  Република Македонија, значи токму тоа требаше да се реши, а премиерот тука ни вети на сите дека ниту СДСМ ниту свети СДСМ нема да го спречи да го најде октоподот и на тие луѓе да им ги врати штедните влогови што некој им ги украде.

Еве сега на крајот за информација на граѓаните на Република Македонија се работи, за да не доаѓаме во заблуда, затоа што господинот Томе Тромбев кажа дека тие сертификати се злоупотребени за купување, земање на простори и деловни работи, но од друга страна се заборава нешто друго дека издадената вредност на вкупните сертификати е 3,5 милијарди денари. Во моментот на мое пратеничко прашање добив одговор дека во оптек се наоѓаат 2,6 милијарди денари. Тоа беше некаде декември 2003 година.

Сега, ако во меѓувреме се потрошени 900 милиони, останале 2,6 милијарди кои како акции некој ги има како сертификати, мислам ако претходната власт имаше таква намера да го стори тоа многу брзо ќе го направеше сето тоа затоа што луѓето очекуваа, како што им ветувавте, дека вредноста на сертификатите никако не смее да се дозволи да падне од тогашните 47 или 49% дека таа ќе се покачува и дека ќе постигне некоја вредност која сигурно ќе биде над 50%, дека тоа ќе се претвори во обврзници.

Но, Владата откако дојде по тој фамозен 15 сепември ние многу брзо следдуваа разговори со ММФ и господинот Никола Поповски како пратеник од

Петтата изборна единица заедно со господинот Гошев во тие преговори со ММФ апсолутно никаде не е побарано ниту спомнато дека некој треба да ги обештети штедачите од Штедилницата ТАТ. Тоа е она страшното, тоа е она што нон-стоп се повторува, значи ветување дека нештата ќе бидат решени дека ќе се најде начин како сето тоа да се врати на луѓето, но од сето тоа апсолутно ништо. Од 1997 година следдуваат само вакви работи освен во времето на владеењето на премиерот Љубчо Георгиевски кога тие штедачи реално се обештетени посебно оние по 1000 евра и овие што добиле сертификати на некој начин е обезбедена нивната вредност и тие сертификати требаше да послужат државата да помогне да се разреши оваа афера. Но, што се случи? Целиот овој период од доаѓањето на новата власт до денес на берзата за тргување со хартии од вредност Владата на Република Македонија преку Агенцијата за приватизацијата воопшто не понуди квалитетен капитал за купување. Или се нудеа некои акции и удели кои немаа никаква реална вредност, акции и удели кои на подарок да се добијат не се сакаат или тоа воопшто не се нудеше.

Исто така Владата на Република Македонија со свој акт, мислам дека беше некоја уредба доуредувајќи го тргувањето на берзата на начин што првата аукција ќе се врши со пари, а дури на втората доколку никој не ги купи акциите и уделите со пари ќе можат да се купат и со конвертебилни сертификати уште еднаш директно изврши атак на вредноста на сертификатите. Сосема е јасно дека нешто што не може да се купи со пари, што не е вредно истото не е врадно и да се купи со сертификат.

Тука би ги потенцирал фактите што со ваквиот начин на тргување да се овожможи на луѓе блиски до актуелната власт одредени шпекуланти особено се шпекулира со имиња на одредени банки блиски до власта, во дослух со нивните функционери откако пред време ќе добијат сознанија кога кои акции и удели ќе бидат на продажба за купување, сертификатите по багателни цени за подоцна прават тансакции и зделки со големи добивки.

Измените и дополнувањата на Законот беше предвидено да се направат токму поради штедачите, а на ваквиот начин, гледајќи како реагира еден од предлагачите на Законот што сега е во ситуација да може тоа да го реализира значи од законодавна во извршна власт и гледајќи што тој ни нуди како решение и какво мислење доставува на понудувачите на овој закон, мислам дека апсолутно се работи за една фарса и дека тука штедачите по незнам кој пат ќе бидат прелагани и сето тоа ќе заврши како што почнало.

Значи најголемата афера, најголемиот организиран криминал во Република Македонија и она што ние сега се бориме како власт, претпоставувам се боревте и во 1997 година дека тоа ќе го решите, дека ќе го најдете октоподот, дека ќе најдете се, еве сега една можност конечно премиерот далеку од партијата СДСМ да најде начин и можност како претседател на државата да го разреши овој проблем.

Мислам дека таква желба тешко ќе се појави во ваква ситуација затоа што тој октопод со своите краци се движи кон неговата глава и затоа ќе бегаме од ова решение како ѓавол од темјан, но господа, ова останува, ова е голем белег, една голема трага, една голема кражба и дали се очекува нешто слично во наредните месеци или години, тоа ќе го видиме, што велиме да сме живи и здрави ќе видиме што значи и понатаму организиран криминал, но мислам има начин сето ова да се најде решение и Владата на некој начин да ги обештети овие луѓе кои аферата ТАТ со 300 жртви и луѓе кои останаа по болниците и кои ден денес не се свесни што се случи таа 1997 година, еве поминаа веќе седум години и нешто апсолутно луѓето останаа во една голема дилема како можеше еден менаџер кој беше директно до претседателот на државата два пати прогласуван за најдобар менаџер на годината преку ноќ таа штедилница да пропадне, за тоа имам документи зошто и како, што се е направено по затворањето на штедилницата и сето тоа до ден денес не е разјаснето, но еве да оставиме простор дека некој некогаш можеби ќе најде некое решение и дека конечно штедачите од штедилниците ТАТ, Алфа-С и Лавци ќе бидат обештететени, барем да почуствуваат дел и ние сите тука како пратеници, одговорност за она што некому сме ветувале и некому сме му кажале дека ова што не бирале, затоа што кога ни се потребни гласовите сите сме кај штедачите, после тоа многу тешко оди таа работа. Тука имам пед-шест писма во кои се повикуваат господинот Никола Поповски, Бранко Црвенковски и останатите кои можат да го решат овој проблем кои многу често беа во Битола пред тој 15 септември, но после тоа многу тешко одеше таа работа. Мислам дака почна, но би сакал така да заврши, да се најде доблест, да се најде храброст кај сите да се види вистината во очи и ако можеме за овие луѓе конечно да си ги добијат оние реални пари кои некој им ги зел мактрпно заработени по европските земји и надвор во Америка, Австралија, со тешка работа во рудници, пари кој некој ги дал и сега сакаме да градиме доверба.

Ако довербата се гради на овој начин, мислам дека многу тешко ќе ни биде понатаму.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на јавноста и јас имам неколку писма, но не сакам да ги злоупотребувам. Во тие писма ме потсетуваат да го потсетам пратеникот Спиро Мавровски и јавноста на потпишувањето на договори што Љубчо Георгиевски и пртставниците од Битола, ги правеа со штедачите на пиењето на шампањ во 1999 година е завршена работа и секоја година истото го повторуваа и се договараа и им ветуваа дека тоа ќе го решат.

Ако се бара одговорност и доблест нека си тргнат од сопствените редови и нека си ја признаат сопствената немоќ во 4-те години кога беа на власт.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Макрадули многу често ги испревртува работите, но сепак ќе прифатам тешко е да се прифати одговорноста, тоа е точно.

ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Љубчо Георгиевски најде доблест за парите што ги украде СДСМ буквално ги украде од штедачите на ТАТ, (реакција од страна на потпретседателката) најде начин да ги врати. Сега вие барате одговорност од госпоинот Љубчо Георгиевски, затоа што врати дел од парите. Која е тука вашата одговорност да поствите вакво прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас би сакал само да го поставам прашањето на доблеста на господинот Љубчо Георгиевски кој во периодот 1998 година кога беа парламентарните избори потпишуваа договори дека во рок од 100 дена ќе го разрешат проблемот за враќање на штедните влогови на пропаднатите штедилници. Тука се поигрува наредните три години за да влезат во функција во 2002 година во предвечерието на парламентарните избори, тоа го кажав и во мојата дискусија дека премногу долго време овие штедачи беа злоупотребувани за политички цели.

Меѓутоа, повеќе пати бев спомнат во дискусијата на господинот Мавровски и господинот Мавровски покажа несогласување со некои мои ставови. Само еден став сакам да коментирам од неговото излагање. Кажа дека има документи за злоупотреби во претходиот период што се правени во штетилницата ТАТ. ВМРО

како партија беше 4 години на власт. Тие документи господинот Мавровски комотно можеше да ги употреби, а во случај, пошто не ги употреби, тогаш и тој е соучесник во целата афера така што не би можел на таков начин господинот Мавровски да манифестира некои ситуации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелета господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Сигурно дека сум соучесник затоа што не најдов пари да можам да им ги вратам тие 140 милиони марки на штедачите на ТАТ, а овие документи се правени во 1997 година во УВР Битола кога сеуште на власт беше СДСМ, кога сите документи апсолутно никаде ги нема господине Тромбев со записник потпичан од Виш јавен обвинител господинот Драган Трпков и сега за што ние ќе говориме кога во самата завршница на овој документ стои објективно состојбите да се вратат во првобитната состојба е неможно. Оваа неможност ви дава за право да приговарате дека и сега вие говорите за соучесниште. Вие ги зедовте сите документи, ги однесовте каде ги однесовте и барате господинот Љубчо Георгиевски да има доблест, јас да бидам соучесник да го разрешам сето ова.

Господа, изгледа имаме голем проблем или не сте тука или не знаеме за што говориме овде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Очигледно дека четирите години на власт на ВМРО-ДПМНЕ служеа само за замајување на штедачите. Ја имаа можноста навистина да ги откријат виновниците. Факт беше дека ТАТ е пирамидална штедилница и факт е дека првиот виновник газдарицата Соња Николовска, премиерот Георгиевски, предложи да биде повторно директор на штетилницата ТАТ.

Очигледно немаа намера да ги откриваат виновниците, бидејќи ги немаше. Единствениот виновник повторно го промовираа за директор. Така колега Мавровски ова што пред малку го кажувавте на колегата Тромбев не држи. Ги имавте сите полуги на власта можевте да ги извадите, да видиме кои се тие привилегирани штедачи, кои се тие што ги украдоа парите, па заеднички да помогнеме тие луѓе да бидат осудени и парите да ги вратат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Мавровски, повелеге.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака ако сакаме да говориме за фактите, фактите кажуваат тоа. Госпоѓата Соња Николовска беше советник на Советничката група на Собранието на општина Битола од СДСМ. Госпоѓата Соња Николовска две години беше прогласувана за најдобар менаџер во Република Македонија од господинот Киро Глигоров и во сите акции учествуваше за финансирање на кампањи и сите активности што ги правеше СДСМ и господинот Киро Глигоров. Сега можеби вината е токму во тоа, но овој документ е државен, од државна институција, од виш јавен обвинител каде се кажува дека документите апсолутно ги нема. Затекната фактичка состојба и тие документи се уништени. Сега за што ќе говориме? Дали можеме да говориме за нешто што го знаат двајца или можеби и нив ги нема.

Господо, организираниот криминал, знаете малку подобро од мене, како функционира и тие 140 милиони ако кажувате дека некој ги зел и дека нема виновник, тогаш нема потреба ни од овој закон што сега се предлага ниту од нешто понатаму да расправаме. Тогаш 140 милиони пропаднаа во некоја дупка и тука заврши се.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема повеќе реплики.

Збор има господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, колеги пратеници,

Системот е таков на пријавување, иако пред мојата дискусија имав реплика на господинот Мавровски, мислам дека не е коректно да се споменува господинот Глигоров и за тоа што тогашната сопственичка на штетилницата ТАТ Соња Николовска седеле до него или се поздравила некаде, или била на иста манифестација.

Имаме прилика господине Мавровски и јас и вие и други да седиме сакале или не и овде ќе се поздравиме со бивши криминалци, тоа не значи дека јас и вие сме криминалци заради тоа што околу нас се нашол некој.

Втора работа не ја прогласил господинот Киро Глигоров за менаџер.

Трета работа многу е опасна таа теза кој до кого седи. Аналогно на тоа јас можам да извлечам заклучок, но не извлекувам дека и вие и вашите колеги сте расколници на македонскиот народ. Само дослушајте ме.

Во 1998 година во првиот ред на вашиот митинг во Битола стоеше расколникот Зоран Вранишковски. Ја водеше целата кампања со вас. Дали значи

дека јас можам да го земам правото да речам дека господинот Мавровски е расколник. Не. Јас нема така да размислувам и да речам дека сте расколник, бидејќи Зоран Вранишковски алијас Владика Јован бил со вас. Вие не сте можеле да знаете во тој момент што размислувал тој господин Вранишковски. Немојте такви аналогни ситуации да изведувате, бидејќи се опасни за секого и мислам дека не ни доликува како пратеници на таков начин да размислуваме.

Затоа сакам сега конкретно на проблемот, на прашањето кое ни е тема на денешната расправа.

Прво, јас бев пратеник во овој Парламент, седев во овие клупи кога се случи случајот ТАТ во 1997 година. Тогаш бев пратеник на опозиција. И тогаш и сега го имам истото мислење за ТАТ и ќе се обидам на ист начин да размислувам, без разлика што сега припаѓам на мнозинство кое ја поддржува Владата.

Пред 7 години предложив еден закон со уште двајца колеги господин Видимче и Наум Симјановски за обештетување на штедачите од ТАТ и тогаш предложивме државата да го преземе имотот на ТАТ која тогш требаше да оди во стечај и врз основа на тој имот и сите побарувања што ќе ги има од ТАТ да се изврши адекватно обештетување на штедачите во вистинскиот реален износ. Тој закон тогаш не помина.

Следната работа што сакам да ја кажам. Од тогаш поминаа седум години господа и повеќе како што рече господинот Мавровски и два месеци и три, се сменија неколку влади, се смени еден премиер, па друг премиер, се сменија неколку министри за финансии во Република Македонија, да не ги именувам со ред четири или пет колку се од тогаш што се сменија кога се случи случајот ТАТ. Се смени гувернер на Народната банка на Република Македонија. Значи, имаме друг, не тој што беше за тоа време кога се случи случајот ТАТ. Се инволвираа голем број на судство, обвинители, истражни органи и незнам колку ред други работи, се сменија стечајни управници. Што значи гледано институционално се сменија голем број на луѓе кои што можеа да придонесат, или да го разрешат случајот ТАТ. Кој ни е резултатот денешен? Со сите тие смени вистински, правни, финансиски, епилог за случајот ТАТ нема. Ско се нафрлува одговорноста на еден, или друг што се случил ТАТ, никој не може да избега од одговорноста што во овој период од кога се сменија сите овие и министри и влади и премиери и судии што ги воделе делата, што не придонел, или не донел конечно решение еднаш да се расветли ТАТ. И од таа одџговорност никој не може да избега. Што значи дека немаме адекватно решение, немаме адекватен пристап. Не сакам да навлегувам во она штом ќе се отвореше

прашањето на ТАТ веднаш се политизираше. Истото го правиме и денес. Не го отвораме прашањето како што треба, ние го политизираме. Се префрлува вината од еден на друг, санкциониран виновник до денес немаме. Тоа е она што покажува дека не можеме само партија, оваа или онаа да ја обвинуваме. Ние можеме да кажеме дека институциите на системот во Република Македонија во случајот ТАТ затаија. Од кои намери, не сакам да навлегувам во оваа прилика. И мора да кажеме дека ние партиите почнувајќи и ние пратениците треба да си землеме една своја одговорност. Поинаку го третираме ТАТ кога сме во опозиција, поинаку го третираме ТАТ кога сме на власт, сите од прв до последен. Партиите од тоа не можат да избегаат. Затоа ќе се обидам да дадам свој придонес и свое мислење зошто ние треба на адекватен, правен, финансиски начин да го разгледуваме случајот на ТАТ и во тој правец да се обидеме да изнајдеме решение, иако можеби времето не прегазува и е кратко за разрешување, бидејќи уште еден месец траат овие сертификати кои што беа донесени. Инаку во право е господинот Мавровски кој вели дека тогаш и јас сум еден од тие што бев и како кандидат за пратеник и како човек кој што е подолго време во политиката ги критикував тие сертификати и ги критикувам и ден денес, бидејќи начинот на кој што се предложи не чини, а дека сме во право и господинот Мавровски потврдува со тоа што предлага и тој закон за да се прошири опсегот на сертификатите кои што се издадени за штедилиницата ТАТ. Што значи тој иако не сака тоа јавно да го каже, потврдува дека Законот кој што беше донесен со сертификатите не е исправен. Зошто треба да го разрешиме проблемот? Пред се', заради граѓаните кои што се оштетени, да не речам изгорени.

Второ, заради тоа што се направени покрај тоа што се граѓаните оштетени, направени се малверзации со општествен имот. Никој до сега не го отворил прашањето, 1997 година овде го зборував, еве ми се јави прилика повторно да го кажам, не го отворив прашањето ниеден истражен орган кои се тие раководители кои што беа тогаш на така наречени фирми со државна, или општествена сопственост, кои што земаа кредити, ќе земеа еден мал кредит со високи камати, намерно не го враќаа и за сметка на тоа даваа општествен имот во штедилницата ТАТ.

И она што е најважното, ние мораме ТАТ да го разрешиме господа, и би ве замолил вас пратениците да ме поддржите заради изгубената доверба во штедењето во Република Македонија, заради тоа што го изгубивме еден од главниот извор на инвестиции во една држава. Јас знам, тоа и ние битолчани го знаеме дека поединци со ТАТ се збогатија, за тоа сме свесни. Но, најголемиот дел, да не речам

преку 90% се чесни луѓе кои што си ги заработиле на чесен начин своите пари и на чесен начин си штеделе. Заради сето тоа ние мораме да го разрешиме. Но, што се случува денес? Ниту ние пратениците, ниту незнам кои други органи не знаеме што се случува со ТАТ. Еве денес да не прашаат знаеме овде да зборуваме што моментално се случува во ТАТ. Немаме информација, ќе не сретнат граѓаните, доаѓаат во канцелариите кои што ги имаме, немам информација да им кажам што се случува во ТАТ. Знаеме дека во ТАТ има стечаен управник, знаеме дека 7, 8 луѓе таму работат, знаеме дека има ангажирано двајца адвокати, не ги обвинувам воопшто тие луѓе кои што таму работат, но, ние не знаеме што се случува со ТАТ и која е моменталната ситуација со ТАТ. Ние мора да одговориме на прашањето, односно надлежните органи до каде е постапката со побарувањата кои што ги има ТАТ. ТАТ има големи побарувања по основ на кредити, по основ на хипотеки кои што ги има. Што се случува со тие побарувања? Дали се во право оние кои што велат дека тие се само фиктивни, или се во право оние кои што велат дека навистина има имот кој што доколку адекватно се спроведува судската постапка и стечајната постапка и ако судовите се поажурни може да се дојде до одредена сума на пари со кои што ќе располага Штедилницата ТАТ. Тоа е едно од битните прашања на кои што мора да се одговори и тоа мора надлежните институции да го одговорат и ние како Парламент тоа мора да го побараме.

Понатаму, што со имотот на фирмите кои што произлегоа од ТАТ, така наречените фирми ќерки на ТАТ. Тие се формирани од ТАТ и тие имаат адекватен имот кој што треба да влезе во стечајната маса на ТАТ и за тој имот да се располага. Но, во овој случај велам и јас можам само да нагаѓам, бидејќи ја немаме точната претстава, точната слика што е со тој имот. Со еден збор би сакал да кажам за моменталната состојба на ТАТ, што со стечајот на ТАТ, кој е крајниот епилог од стечајот на ТАТ? Ние имаме една ситуација, сертификатите завршуваат за еден месец, тие ќе се поништеле, онака како што беше донесен Законот од претходната влада и претходното мнозинство вели дека после две години сертификатите се ништавни. Со кое право ние сега им го оспоруваме правото на имателите на сертификати да не можат да побаруваат висина на средства од стечајната маса на ТАТ. Ако не друго, треба сертификатите да си се вратат во Штедилницата ТАТ и да си побаруваат штедачите од имотот на ТАТ и оние пари кои што допрва од она што ќе се обезбедува од стечајната постапка да имаат право на наплата. Во спротивно, ние понатаму ќе имаме тие луѓе да немаат право да побаруваат од ТАТ, а ТАТ во периодот кој следува ќе стекнува имот по однос на побарувања на кредити, на

хипотеки. И затоа сметам дека не смееме да ја одвоиме така постапката за Штедилницата ТАТ која што е во стечај. Но, овде морам да кажам, се залагам да се вратат само сертификатите кои што гласат на име на штедачите, а со цел да се оневозможат, она што сега и господинот Тромбев го кажа, иако сакаше господинот Мавровски тоа многу да го изврти, да се оневозможат шпекуланти. Дали има банки блиски на оваа власт, или на онаа власт, тоа не ме интересира, туку сите тие шпекуланти да се оневозможат понатаму да стекнуваат било какво право по однос на сертификатите. Тој начин може да се направи. И сето ова што го зборувам, го зборувам, да не се лажеме, ние како пратеници, ниту јас, ниту било кој од вас овде не е способен, нема моќ да напише таков закон. За тоа треба институции кои што се стручњаци, голема екипа да се ангажира и тоа да го направи. Ние тоа можеме како Парламент да ги задолжиме тие институции, а да не се лажеме дека некој од нас може да седне и да напише таков закон. Тоа не може, освен ако има некои генијалци.

Ние со законот кој што го предложивме, господинот Макрадули, Тромбев и јас, господинот Петковски, подоцна ни се приклучи со оглед на тоа што во тој период не беше пратеник во Собранието на Република Македонија, имаме една цел, тоа е да овозможиме да се подигне вредноста на сертификатите на берзата. Сега ќе ви кажам зошто бев тогаш против кога се носеа сертификатите. Од едноставна причина, не постоеше реален имот на акции и удели кои што можеа во толкава вредност да задржат висока вредност на сертификатите. И затоа беше тогаш тој предизборен трик донесен во јуни 2002 година, затоа беа тие игри, сега да не навлегувам во тоа, тие игри со Соња Николовска, директор се враќа, не се враќа, крив ни е стечајниот управник, не ни е крив стечајниот управник, затоа беа сите тие игри. Тогаш кога се понуди за сертификатите донесување, господа на штедачите им се понудија списоци на тие одбори кои што ги имаа од кои се фирми ќе може да се купува со сертификатите. И за да биде тоа бомбастично, тогашниот министер за финансии господинот Никола Груевски во Битола им ги донесе овие списоци и на прво место е “Микрон”, а на второ, трето место АД “Македонски телекомуникации”. И јас ќе се согласев тогаш ова да го направеа веднаш другиот ден да ги пуштеа акциите од “Македонски телекомуникации” на берза и тогаш сертификатите ќе вредеа. Но, се пуштија сосема други акции како тогаш, а она што сега господин Мавровски не обвинува дека сега не се пуштиле. Сега Агенцијата ги пушти оние кои што останаа, ниедна не задржа, сите што се објавени во Билтенот на Агенцијата, видете го, сите се пуштени на берза, ниедна нема скриена. Факт е дека има голем

број од тие кои што беа пуштени на берза дека не вредат. Тоа е факт. Но, не е крива оваа Агенција, не е крива оваа власт, заради тоа што тие уште кога биле во Агенцијата толку им била нивната вредност. Во првиот момент овие сертификати постигнаа вредност 45, 42, 43, само еден ден од кога се пуштени имаа 50, само еден ден. Господине Мавровски, бидејќи дофрлувате, ги имам овде ден по ден сите. Само еден ден биле 50 и два - три дена биле по 49, 48, но тогаш се мали суми продадени што е доста индикативно. Но, не сакам да навлегувам во шпекулации. Доста е индикативно, како одеше, нивната вредност се намалуваше, а нивната вредност се намалуваше од едноставна причина, не дали некој сака, или не сака, немаше квалитетни акции, немаше квалитетни фирми кои што се нудеа таму и немаше потреба. И немојте сега да обвинувате дека вредноста паѓала кога ние сме ветиле, односно поединци ветиле дека ќе бидат во заробени штедни влогови. Обратно е, ако тогаш навистина тоа повлечеше дека се како заробените штедни девизни влогови, тогаш требаше вредноста уште да расте ако влијаеше онаа кампања. Бидејќи нормално вредноста на обврзниците кои што се од старо девизно штедење имаат поголема вредност, ќе беше нормално и овие да се зголемат. Основната причина е во тоа што нема квалитетни акции, квалитетен државен капитал кој што остана за продавање кога веќе сертификатите беа дадени. Ако беа сертификатите дадени, да го тргнеме тоа, добро виновна е претходната влада до 1998 година за ТАТ, но, сега да речеме вака, ако и во 1998 година ги извадевте сертификатите како што мислевте, а не да замајувате дека де Соња ќе се врати, незнам 5% од ваму ќе има, де 100% ќе бидете обештетени, во 1998 година имаше прилично квалитетен капитал на берзата, тогаш можеше да има повисоки акции. Но, господа колку за тоа да зборуваме штедачите немаат корист од тоа што било во минатото. Затоа јас би ве замолил како колеги пратеници да го поддржиме овој закон. Свесен сум за проблемите кои што можеме да ги предизвикаме како пратеници и со Меѓународниот монетарен фонд и со Светската банка, свесен сум за тоа. Но, едно е битно. Ние со предложениов закон не чепкаме во Буџетот на Република Македонија. Ние со предложениот закон нема да зголемиме ниту една ставка за зафаќања нови во Република Македонија. Ние со предложениот закон предлагаме од постоечкиот имот да можеме на адекватен начин колку - толку, бидејќи тие штедачи не можат до крај секогаш да бидат обештетени, но колку - толку, да ја намалиме нивната загуба.

Второ, што сакам да кажам, надлежните институции да ги изнесат во јавност сите обиди за шпекулации со сертификатите. Не сакам да носам хипотека за никого, иако сум член на мнозинството кое што ја подржува Владата, не сакам да

носам хипотека за никого, ако има такви, бидејќи господинот Мавровски ги знае, нека ги каже, но со аргументи да каже дека тие направиле шпекулации. Но, затоа замолувам и надлежните институции тоа да го направат, за да ги оневозможиме шпекулантите и понатаму со сертификатите било што да направат. Сметам дека треба овој закон да го поддржиме и да важи само за носителите на име кои што имаат сертификат, односно на вистинските штедачи. Во оваа ситуација јас би имал толку, можеби одолжив, но чувствував потреба и се надевам дека ќе убедам поголем дел на пратеници да го поддржиме овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мене ми е жал што господинот Најдовски не ме разбра или сакаше да не ме разбере. Јас никаде не кажав дека господинот Киро Глигоров е криминалец. Вие излеговте со некој заклучок тука. Јас зборував за факти, дека Соња Николовска е советничка и вие добро знаете во пратеничката група на СДСМ во Собранието во Битола, тоа е факт и дека е прогласена за најдобар менаџер во Република Македонија и тоа е факт. Јас зборувам за фактите. Вие изнесувате заклучоци. И од тој заклучок стигнавме до расколници. Без разлика, вашиот заклучок дека некој предложил, бившиот премиер Љубчо Георгиевски дека ќе ја поставел Соња Николовска за директор и со тоа сега се заврши цела работа. Сакал да ја постави. И тоа е сега вашиот заклучок дека тој мислел, ја поставил, а тој сакал да ја постави, ама не ја поставил. Велите поинаку се третира ТАТ како позиција и опозиција. Претходната власт ги врати парите на голем дел од штедачите и направени се овие сертификати. Кажувате дека нема квалитетни акции, а во меѓувреме треба да кажеме на берзата колку од тие акции се продадени, колку во кеш, колу и како растат обврзниците и како паѓаат сертификатите. Апсолутно се согласувам со вас дека вистинските штедачи треба да бидат обештетени со нивните сертификати, вистинските штедачи, а не оние шпекуланти. И тука апсолутно се согласуваме. А во меѓувреме да ви помогнам, стечајната маса и понатаму стечајниот управник ја троши немилосрдно, луѓето се препраќаат сигурно и до вашата канцеларија во Битола доаѓаат луѓе со проблеми и се изложуваат на дополнителни трошоци и средства за тужбени побарувања на стечајниот управник кои денес сеуште се во функција,

едноставно луѓето не можат да ги реализираат своите побарувања ниту преку овластените брокери. И тука има доста такви побарувања, доста проблеми за кои што сериозно треба да се разговара и да се размислува.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Реков дека не сакам повеќе да се занимавам со минатото што било, како било. Но, господин Мавровски бидејќи директно реплициравте, јас не реков дали Љубчо Георгиевски сакал, или не сакал. Љубчо Георгиевски дојде во Битола, ги повика сите новинари, вие знаете, во тогашниот ресторан “Корзо” ја повика Соња Николовска, застанаа и рекоа: Ние бараме Соња Николовска да се врати за директор на Штедилницата. Ако тоа не е факт, во ред. Но, сакасм да престанам со тоа и не сакам со тоа минато да се занимавам. Сакам да гледаме дали можеме нешто да направиме во корист на штедачите за во иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувма претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Пред да го прочитам заклучокот, јас би ги молела колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието, да влезат во салата, за да можеме да пристапиме кон гласање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ги молам сите пратеници што се во Собранието да влезат во салата, а координаторите ги молам да ги контактираат своите колеги, за да можеме да обезбедиме кворум.

Во меѓувреме ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Уште еднаш ги молам сите колеги пратеници што се наоѓаат во собранискава сала или во близина на Собранието, доколку можат им се јави да дојдат, за да имаме скоро информација дали можеме да обезбедиме кворум, за да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците, имам информација дека ќе обезбедиме кворум секој момент.

Ги молам службите да го утврдат присуството на колегите пратеници.

Присутни се 65 пратеници.

Дозволете ми на Собранието да му го предложам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците ТАТ - Битола, АЛФА С - Скопје и Лавци Охрид.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 19 пратеници, против гласале 32 пратеници, воздржани се 7 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците ТАТ - Битола, АЛФА С - Скопје и Лавци Охрид, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, мислењето на Владата и дописите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија, ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара г. Спиро Мавровски и тој е предлагач на овој закон.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Мислам дека уште еднаш фарсата е повеќе од очигледна и повеќе да не говориме за колумни, за говори, за средби и не знам какви не уште манифестации. Господа, не можете да се надминете. Немојте само да играме театар пред луѓето и да кажуваме дека се заложуваме за нешто што апсолутно не го поддржувате и сега опозицијата ќе гласа за предлогот, вие нема да гласате, некој што го предлага ќе гласа, на вас ви е чиста совеста, сето ова ќе пропадне и како што почна во 1997 година виновникот веќе го имате. Човекот што кажа на прес конференција дека Соња Николовска ќе биде директор и тој е човекот што еве ТАТ го донесе до ова што го донесе.

Мене ми е многу жал што сопствениот предлог едноставно да не се прифати, мисмал дека работите апсолутно не се во ред и дека конечно треба маските да паднат. Маските се толку очигледни што тешко можете да ги извадите од вас, но времето ќе го каже своето. Мислам дека и граѓаните на оваа држава полека, полека, ќе стигнат до вистинските вредности и ќе знаат за кого што и кога ќе гласаат. Добро, можеби ги навикнавме на овие лажења, па ако ги оставиме така, можеби ќе се најдат во една друга ситуација, во несознание.

Пред да почнам да го образложам законот, би сакал да направам еден краток осврт врз ова што како документи беа предложени и кои што се најдени, за да знаеме како почна да се води постапката и кривичната постапка и се она што требаше да биде разрешните на аферата ТАТ, како што кажа еден колега, јас не сум правник, но пред мене имам извештаи од државни институции во кои што сигурно верувам, а тоа Вишото јавно обвинителство потпишано од господинот јавен обвинител Драган Трпковски. Пред мене имам уште неколку документи потпишани од стечајниот управник на штедилницата ТАТ и еден записник кој што е направен од Народна банка и од Основниот суд Битола.

Господа, вака, за да имаме разрешница и да окривите некого дека во тие 4 години не завршил нешто, треба да дадете нешто што во тој момент било валидно, нешто што значело документ. Таков документ едноставно не е приложен до властите, затоа што во ова стои: “Документацијата што во таа прилика била одземена заради нивниот број и обем, во време на одземањето не бил направен опис и попис на истите”. Јас не би сакала многу да ве замарам, само со неколку детали и изводи од овој извештај мислам дека ќе ви стане совршено јасно се. “По извршеното отворање, отпечатување на кесите, Комисијата во полн состав од сите 4 членови, документите биле извадени, разгледувани, проужувани, селектирани и дел од нив биле земени”. За сето тоа Комисијата пропуштила да направи записник, а со тоа ниту опис, ниту попис на истата, што е спротивно на став 1 од член 205 на Законот за кривична постапка. Правниците сигурно подобро знаат од мене што значи тоа.

На крајот мислењето на јавниот обвинител објективно состојбите да се вратат во првобитната состојба е невозможно. Оваа невозможност ги осуетува сите понатамошни обиди аферата ТАТ во тие 4 години да биде разрешена.

Другиот документ кој што го дава стечајниот управник на штедилницата ТАТ на 31.03.1998 година кажува дека се пребиени побарувања со кредити 288 на износ со вредност од 31 137 153 денари, што значи пребиени побарувања со кредит

во стечајна постапка, сигурно дека правниците и оние што се разбираат во стечајните побарувања, апсолутно не смееше да се направи, а тоа е направено. Кои се тие 288 партии, може да се провири.

На крајот, она што е уште еден документ, кој што е донесен во моментот, реков од Народна банка на Македонија, вратени пари до Основниот суд во Битола и ова е направено со записник, кој што кога ќе го прочитате едноставно ќе ви стане јасно што, каде, кога и како завршило.

“Од страна на овластените работници на Народна банка на Македонија е донесена пластифицирана вреќа, врзана со обичен канап, а внатре во неа се наоѓаат три платнени банкарски вреќи ...”

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, колега Мавровски, ако може да се насочите кон законот. Мислам дека одите многу пошироко.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова е законот госпоѓо потпретседателке и ова е образложение за законот. Ако некој не сака да слуша, еве нивниот закон е одбиен, така што може слободно да ја напушти седницата. Немојте потпретседателке, јас не се уфрлив кај никого во збор, чекав, реплицирав итн.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве замолувам да се фокусирате поконкретно на законот. Мислам дека давате многу широк вовед.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Изнесувам аргументи кои што ќе ве донесат до законот кој што треба сега да го усвоиме. Ова се документи фокусирани на аферата ТАТ.

Значи, во сето ова што беше донесено во Основниот суд во Битола, сакам малку и да им помогнам на колегите, дека се ова и пластичните вреќи и книжни вреши кои беа во внатрешноста од Народна банка на Македонија и денеска се наоѓаат во сефот во Битола, така што овие се врзани со еден обичен канап и колку пари се донесени, како се донесени, бидејќи овој записник е правен на 21.05.1997 година, а аферата ТАТ изби пред цели два месеци пред ова кога парите беа

однесени од луѓето кои во тој момент ја претставуваа власта на СДС. И, тука сега не знам зошто некој се возбудува и зошто треба да биде како што се реагира.

Јас искрено лично и целата опозиција го поддржавме законот на колегите пратеници од позицијата. Ќе изнесам она што јас како пратеник и како пратеничка група го предлагаме во однос на овие сертификати, зашто во моето претходно излагање голем дел од овие закони кои што многу слични, а овој е закон за надополнување, затоа што колегите пратеници истиот го предложија на 16 октомври да биде поставен на првата наредна седница. Оттогаш имавме многу седници, поминаа повеќе од 8 месеци, но еве дојде редот да биде поставен. Затоа, јас на 26.12. го предложив овој закон, чекајќи повеќе од 2,5 месеци како тој закон не доаѓа на собраниска седница.

Значи, во овој закон за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилницата ТАТ во членот 8 став 1 по зборот "Македонија", се додаваат зборовите, значи, под еден за што е всушност потребата да се донесе овој закон и што предлагаме со донесувањето на законот. За купување на државен имот кој е понуден на продажба, за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со конвертабилни сертификати. Под два, за плаќање на надомест за концесија на државен имот, за купување или плаќање на закуп на државен имот, за побарувањата на Агенцијата за санација на банките и претпријатијата, а кои се предмет на продажба и за купување на други хартии од вредност во сопственост на Република Македонија.

Значи, тоа се петте работи каде што овие сертификати ќе можат да се дообјаснат и да се предложат.

Во ставот 3 од истиот член, зборот "две", се заменува со зборот "четири", што значи вредноста и времетраењето на овие сертификати би продолжило и во наредните две години.

Сега, доаѓаме до една многу тешка ситуација, сите се залагавме да ги заштитиме штедачите и на тој начин и позицијата и опозицијата да најдеме некоја доблест и да излеземе пред тие луѓе со некакво решение дека еве на крајот ќе бидат обештетени.

На крајот мислам ако 3,5 милијарди како што на моето пратеничко прашање добив одговор од Централниот депозитар дека има уште 2,6 милијарди денари во оптек, и дека за овие хартии од вредност во Минситерството за финансии се запишани вкупно 6200 доверители во штедилницата ТАТ и уште 716 лица во АЛФА'С и Лавци Охрид значи вкупно се работи за 6916 лица кои ги поседуваат овие

сертификати. И сега предлогот на моети колеги беше дека вака ќе најдеме начин да ги обештетиме. Со тоа што гласаат против сопствениот предлог, идеме во ситуација да овие сертификати иако семаат вредност 14% или 13% со самото дознавање дека оваа врдност, денеска е 7 мај вредноста мислам дека завршува за 1 месец, пошто беше донесена на 29 мај 2002 година, ќе ги донесеме луѓето може би и за 1% да ги продаваат тие сертификати. Ако, некој се осмели да ги купи и да може нешто со нив да направи.

Значи ние завршуваме со кражба. Буквално и она што останало. Тоа се како што кажува тука премиерот добивки имало во јавните претпријатија од 58 милиони, тука се работи за 2 милијарди и 600. И сето ова ние така ќе го испуштиме и ќе кажеме дека уште овој и нареден месец, па луѓето ќе ги фати паника и тоа ќе биде нешто пострашно отколку 1997 година. Верувајте ми нема човек во Битола посебно од штедачи кои не доаѓаат и не се интересдираат и цело време очекуваат дека овие сертификати ќе добијат некоја вредност. Дека ќе се покачи нивната вредност и дека на крајот ќе бидат барем нешто обештетени. Тоа што нивното здравје е оштетено, тоа што многу фамилии ги завитка во црно, многу деца останаа сираци, тоа апсолутно никој не го интересира, тоа е очигледно и мислам дека тука е големиот проблем.

Не се работи за политизација, се работи за душа, се работи за нешто што треба да се заврши. И се работи за одговорност. Одговорноста, очигледно на ваков начин никој не може да каже дека ја има. Ние можеме да се декларираме јавно тука дека ќе направиме ова она, од друга страна се е совршено јасно. Гласачката машинерија носи тој што носи и тука е страшно. Нас не бираат граѓаните. Тие граѓани, тие луѓе се граѓани на оваа држава и тие го бираат министерот за финансии. Ги бираа нашите господа пратеници од Битола. Јас незнам како сега не можеме да најдеме заедничко решение кога опозицијата е за, позицијата за и ние не можеме да го донесеме законот.

Во што е проблемот? Во кој е проблемот? Во одговорноста, во колумните, во разговорите со новинарите, дајте да бидеме сериозни. 1997 година некој не сака да ги слуша сега документите и аргументите. Тие се лоши. Тие се знае кога биле, за кој биле и кога се случи. Тоа се факти. Тоа се аргументи од тоа нема бегање. Не можете вие да ја префрлите одговорноста на било кого. Не можете! Тоа што е ваше, е ваше. Тоа што е моја одговорност, е моја одговорност. Не можеме сите да сме криви, и никој не е крив. Таква работа не би требало да функционира. Функционирала во едно време и знаеме дека тоа време подобро да не се врати

никогаш. Лична одговорност, некако а уште поголема одговорноста кога од некого бараш нешто, ред е она што ќе го ветиш, и да го исполниш.

Ќе кажам уште еднаш маж рекол, маж одрекол , не носи ништо. Секоја лага има кратки нозе. И со лага, ага не бидува. И тука имам еден голем проблем.Сите ние заедно како пратеници, јас не знам зошто не можеме да надминеме некои партиски стеги и бариети. И да видиме, ако е ова добро, и ако вие чувствувате лична, морална и не знам каква одговорност па дајте да се најдеме сите заедно и да направиме нешто што ќе биде во интерес на сите. Што ќе биде во интерес на оние што гласале.

Вака играме некој театар, играме некој циркус од што апсолутно никој нема добивка, најмалку ние тука како пратеници, без разлика дали сме денес позиција, утре опозиција или обратно. Ја губиме довербата од народот. А, народот е тој што утре пак треба да не гласа, и народот е тој што пак нема да излезе повеќе од 50% и ќе се прашуваме зошто. Токму поради ова. Ќе ја изгуби вербата во сите нас. Ќе ја изгуби вербата во власта, и ја губи. И тоа е дефинитивно. Во институциите на власта, парламентот не може да стигне таму до некој процент, што е смешен за сите нас како пратеници, овдека и многу сериозно повикува сите да се размислиме и што правиме и како правиме.

Јас мислам дека овие измени и дополнувања на законот се предлагаат пред се да му се помогне на измамените штедачи кои се уште поради лошата понуда на капитал на берза не успеале да ги реализираат своите побарувања, дефинитивно да може и да успеат во наредниот период од две години да ги реализираат своите побарувања на еден пореален начин, приближувајќи ја пазарната вредност, на сертификатите до нивната номинална вредност. Ова ќе покаже дека целосната поддршка на измените на законот од сите пратеници во парламентот, а се надевам и од Владата ,преку министерот за финансии, ќе го промени својот негативен став. Ќе решиме еден голем проблем на определен  и голем дел од граѓаните на Република Македонија. Па заедно со решение од проблем на таканаречената стара девизна заштеда и имателите на хартии од вредност за денационализираните имоти ќе ги ставиме ад/акта еднаш за секогаш. Со тоа државата ќе ја симне својата хипотека како учесник и креатор на овие големи државни проблеми.

Почитувани пратеници,

Усвојувањето на измените на законот за регулирање на побарување на штедачите од штедилницата ТАТ Битола, Алфа-с Скопје и Лавци  Охрид ќе не потврди како сериозни луѓе. Вистински претставници на граѓаните кои имаат слух за

решавање на нивните важни проблеми да им помогнеме уште повеќе да се зајакне довербата во институциите на државата во банките, а секако ќе отвориме можност овие реализирани средства во наредниот период да се стават во функција на инвестирање на деловни потфати, што ќе отворат циклус на просперитет.

Во спротивно на пратениците кои нема да му дадат поддршка на измените ќе му се симнат маските и дефинитивно ќе се потврдат како соучесници со оние кои ги креираа овие пирамидални штедилници, со оние кои ги оштетија 13 илјади граѓани, штедачи, со оние кои незаконски се стегнаа со повеќе од 70 милиони евра, со оние кои придонесоа за повеќе од 300 жртви. Негативниот став кон овие измени ќе потврди дека во Република Македонија сеуште владеат поддржувачите на креаторите на едно од најголемите кражби на граѓаните а штедачите дефинитивно и еднаш за секогаш ќе ја сватат играта на владеачката коалиција. Јас ,многу ми е тешко што ова морам да го кажам ,но очекувам ако со првиот предлог закон кој што не многу се разликува од овој што го предлагаме ние и е во интерес на штедачите, дека сега еве имаат уште една можност, да покажат доблест, да се надмине овој проблем, овој голем проблем, да го надминеме сите заедно и да бидеме малку поголеми во оваа ситуација.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Дали некој друг бара збор.

Господине Томе Тромбев како реплика или како. . .

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Само дискусија јас кратко би сакал да кажам дека со оглед на претходноит закон кој беше предложен. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам колега Тромбев, подоцна се вклучи госпоѓата Славица Станковска сака реплика, простете ве молам. Не беше пријавена.

Повелете г-ѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам, потпретседателке.

На крајот ме иритира ова од колегата Спиро Мавровски кој рече, доколку го одбиеме законот ние ќе бидеме соучесници во она што значи злоупотреба на средствата на граѓаните од оваа штедилница.

Јас, дури сум возбудена, прво, никој на граѓаните не им ги зел парите од дома, а јас имам мотиви зошто да прифатам или не.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-дин Мавровски.

СИРО МАВРОВСКИ:

Добро, во Битола многу луѓе останаа обесени под дрвјата и сеуште се возбудени со многу лекарства и мислам дека и тука треба да бидеме малку посериозни.

Ние се возбудивме ако некој ни каже еден збор. Мислам дека требаше да излезе некој тука, вети од оваа говорница дека ќе го реши проблемот и дека ќе го најде октоподот. Тој не е возбуден, се возбудуваме ние.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Г-динот Борче Петковски исто така е јавен за реплика.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Благодарам,

Јас го поддржувам и овој закон на колегата Спире Мавровски, бидејќи искрено верувам дека е со намера да се спречат манипулациите со граѓаните. Верувам, бидејќи верував дека претходниот закон беше со иста таква цел да се помогне на штедачите, а не да им се одмогне. Еднаш засекогаш да се престане со политичките манипулации на граѓаните.

Инаку, колега Мавровски тоа маж рекол, маж одрекол, верувајте важи само за мажите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Би можело многу да се коментира за ова, но да не навлегуваме во други расправи за родовото прашање. Велам, ова отвора многу дискусии, но во некоја друга прилика ќе го исползуваме.

Повелете, г-дине Мавровски имате одговор на репликата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Му благодарам на мојот колега за поддршката на законот се надевам дека и во СДСМ има мажи што ќе го поддржат сето ова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам.

Да не завлегуваме повторно во родовата дискриминација, на некого, мажи или жени кои ќе поддржат или нема да поддржат, без давање на други конотации на оние кои ќе поддржат или нема да поддржат.

За збор е пријавен г-динот Томе Тромбев.

Повелете.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Добро, јас претходната дискусија ќе ја искористам како увертира, немам намера да навлегувам во половите односи, меѓутоа, ќе кажам дека сум маж и еве, ќе го поддржам овој закон на г-динот Мавровски. Иако неговата политичка дискусија не ја поддржувам, беа пласирани голем број невистини, политички манипулации. Меѓутоа тоа е познато во Битола и во цела Македонија. Тоа се случуваше во целиот претходен период, така што тоа верувам дека ќе продолжи и понатаму. Меѓутоа, граѓаните нека судат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Мавровски сака да одговори.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да ги оставиме граѓаните да видат кој како и зошто манипулира. Граѓаните гледаат и мислам дека го кажуваат својот збор, тоа е дефинитивно.

А, г-динот Тромбев и г-дата од Битола, предлагачите на законот мислам дека како позиција, можеа да најдат начин и сега, ако се вратиме на стенографските белешки од денешнава седница уште во првиот мој говор, можеби предвидувањата не сакав да се исполнат, но за жал се исполнија. Значи, ние ќе го поддржиме, но другите нема да го поддржат, така што сите сме чисти, а граѓаните и штедачите остануваат тие кои во случајов остануваат поткусурени и по незнам кој пат. Мислам дека тоа беше целта на нивниот заговор.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако може да завршиме со репликите.

И јас се пријавувам за реплика како пратеник.

(Потпртседателот се упатува кон говорницата да земе збор во реплика како пратеник)

Почитувани колеги,

Заради родовиот баланс, еве јас, иако сум жена и јас ќе го поддржам законот затоа што го поддржав и претходниот закон. Колку појаснувње, колку балансирање по родова основа.

Благодарам.

(Потпртседателот се враќа на местото претседавач на седницата)

Господинот Мавровски сака да одговори.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо претседател,

Мојот збор не беше во буквална смисла за мажи. Се разбира што е маж и во такви ситуации вие реагиравте и мислам дека поголем број од женската популација се мажи во случајов и го поддржуваат тој закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека ги измешавме многу лончињата по оваа родова основа. Но, да бидеме сериозни. Јас ова го искористив малку како шега, но го изразив мојот принципиелен став.

Дали има други реплики?

Сега има дискусија. Значи, продолжуваме со дискусијата.

(Пратеникот Тромбев реагира дека тој имал дискусија, г-динот Мавровски реплицирал и тој бара да му се дозволи правото на контрареплика).

Повелете.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас би сакал само да ги квантифицирам бројките за претходниот закон. Очигледно во претходното гласање имаше 19 пратеници кои гласаа за законот. За ова гласање јас не гледам од патеничката група на ВРМО ДМНЕ дека има доволен број на луѓе, на пратеници за да може да се изгласа овој закон. Така што и тука г-динот Мавровски нешто има грешка во собирањето и вадењето.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Како предлагач имате право, повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Тромбев вам ви е јасно дека нашата пратеничка група и да сме сите 28, пак не можеме да го донесеме законот. Вие бевте 32 и 19. . .

(дофрлање од место)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да не одиме во дијалог ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Така што математиката е таа. Да имавме ние парламентарно мнозинство се ќе беше поинаку.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има реплика на дискусијата на г-динот Мавровски.

Има збор г-динот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Г. Мавровски, сега ја претеравте работата. Имате 28 пратеници, имате коалициони партнери. Со вашата дискусија убедивте најмалку десетина пратеници...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г. Мавровски имаше дискусија последниот пат.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Тие имаат постојано навика таква, предлагаат закони да ги исполнат своите цели, а после кога ќе дојде гласањето седат по 3-4 пратеници. Еве , не убеди најмалку десетина пратеници од пратеничката група на СДСМ дека законот предложен од пратеникот Мавровски е исправен и во интерес на граѓаните, односно штедачите и гласав и за првиот закон, а ќе гласам и за овој закон. Но кога ќе видам дека тука се најмалку 20-тина сериозни пратеници и 10-тина што ги убеди со неговата дискусија, со коалиционите партнери, со 40 гласа може да помине законот што е поставен на дневен ред. Ова не е прв случај. Секогаш кога ќе се “грижат” за сиромашните, за оние луѓе за кои предлагаат некои закони, тука го нема нивниот кворум за да се изгласа законот. И за првиот гласав, и за овој закон ќе гласам, само мислам дека несериозно се однесува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на денешнава седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само уште едно појаснување, за да нема дилема. Г. Мавровски се јави повторно во улога на предлагач, бидејќи има приоритетно право на дискусија и имаше кратка дискусија, а г. Гештаковски имаше реплика на таа втора кратка дискусија.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрсот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок, а пред тоа ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање, а службите на Сибранието ги замолувам да го утврдат точниот број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците ТАТ- Битола, “АЛФА С” - Скопје и “Лавци” - Охрид.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, од кои 24 за, 5воздржано и 31 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Преминуваме на 20-тата точка:**

**Предлог за донесување на закон за животна средина.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Воведно обраќање прво ќе даде заменик министерот за просторно планирање и животна средина.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Денес на седницата на Собранието имаме прилика да расправаме за блок закони од сверата на животната средина. Бидејќи за истите имаше широка расправа и е материја која се вкрстува една со друга, би сакал да дадам воведно излагање за четирите закони воредно, до колку има потреба потоа при донесувањето на одлуките може и за секој закон поединечно, но се со цел да овозможам простор и пратениците да дадат придонес во оваа свера која навистина е животно заинтересирана за сите наши граѓани.

Се работи за законска регулатива која е многу важна и потребна за Република Македонија , гледано од повеќе аспекти. Пред се овие закони се однесуваат на еден многу важен сегмент, животната средина и природата, при што и покрај досегашната

постојна регулатива во оваа област се понудуваат се понудуваат редица решенија кои воопшто до сега не беа регулирани.

Покрај тоа, подготвката на овие закони претставува обврска на Република Македонија која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, националната програма за приближување на законодавството на Република Македонија кон законодавството на ЕУ, како и од Програмата за децентрализација на власта и пренесување на надлежностите на државата кон единиците на локалната самоуправа.

Со оглед на комплексноста на прашањата што се третираат во овие закони, изработката на истите беше доверена на работни групи составени од меѓународни правни и технички експерти, претставници од релевантни министерства, претставници од невладиниот сектор, од стопанскиот сектор и од единиците на локалната самоуправа.

Директивите на ЕУ, конвенциите ратификувани од нашата држава, голем број на прописи од европските земји, како и од земји кои претендираат за членство во ЕУ, беа анализирани во фаза на подготовките на овие закони и на соодветен начин вградени во законот. По утврдувањето на текстовите на законите беа преземени широки активности за остварување соодветна расправа по истите, анимирање на јавноста со цел да се соберат одредени мислења , предлози и забелешки од оние за кои се подготвуваат овие закони. Беа организирани јавни расправи во повеќе региони во државата, проследени со посебни прашалници. Беше спроведена јавна кампања проследена со посебни прашалници за законите, беа организирани јавни расправи во Стопанската комора на Република Македонија , како и во Заедницата на комуналните претпријатија. Беше организирана расправа во ЗЕЛС, беа организирани повеќе министерски средби по овие закони заради усогласување на евентуални меѓусебни судири во спроведување на истите закони.

Сите закони се ставени на Веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, со намера сите заинересирани да омжат да дадат свое мислење и забелешки.

Конечно, во организација на Комисијата за европски прашана на Собранието на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање се одржа работилница за третман на овие предложени закони, каде земаа учество членови на комисиите: За Европски прашања, за економски прашања, за финансирање и буџет, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за транспорт и врски и екологија и ЗПК на Собранието на Република Македонија .

На работилницата земаа учество и координаторите на пратеничките групи, други пратеници, како и други заинтересирани лица.

Почитувани пратеници, во претходните неколку месеци имавме богата и плодна расправа во комисиите на Собранието на Република Македонија . После целокупната ваква активност еве денес на седницата на ова Собрание да отвориме широка и плодна расправа по овие закони. Се разбира, исто така, очекувам целосна подршка од вас, почитувани пратеници, за да можеме да отпочнеме со подготовки за завршната фаза на овие закони и да почнеме да ги имплементираме истите. И покрај обемните материјали што ви се доставени со широки образложенија, и покрај досегашната ваша вклученост во претходните расправи по законите, накусо ќе дадам уште неколку податоци за истите.

Предлог законот за донесување на закон за животна средина всушност е рамковен закон, генерален акт за животната средина кој ги опфаќа заедничките прашања утврдени со останатите секторски закони. Овој закон се однесува на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, биолошката разновидност, природното богатство, заштита на озонската обвивка, заштитата на климатскиот систем.

Законот содржи општи забрани, како што се: забрана за употреба на технологии, промет, производство, увоз-извоз на производи, полупроизводи и суровини со кои се загрозуваат животната средина и здравјето на луѓето. Дадена е обврска за информирање на јавноста во услови на надминување на дозволените мисии, како и назначување на производите и суровините за нивно влијание врз животната средина.

Мониторингот на медиумите ќе се врши преку државни и локални мониторинг мрежи, ќе се воспостави регистер на загадувачки материи и супстанции, катастар на животната средина и преку информативниот систем ќе се доставуваат извештаи до јавноста и меѓународните организации. Со законот е утврден систем на заштита на животната средина преку Националниот еколошки акционен план и локалните акциони планови за животната средина.

Заради согледување на евентуалните последици по животната средина ќе се врши оценка на влијанието врз животната средина на определеин стратегии, планови и програми. Секој инвеститор ќе биде должен да подготви студија за оценка на влијанијата врз животната средина за инсталациите со кои располага, за што постои определен систем за дозволи за работење, поточно еколошки ревизии.

Во целина со законот се поставуваат нови односи во животната средина, која овозможува интегриран систем во заштита на животната средина, се обезбедуваат услови за заштита на животната средина, се со цел остварување на правото на граѓаните за здрава животна средина.

Со законот за заштита на природата се нудат правни можности за поставување нови основи во проблематиката на природата, со што се обезбедува кохерентен систем за заштита на природата. Целите кои се постигнуваат со овој закон се: утврдување и следење на состојбата на природата, зачувување и обновување на природното наследство, воспоставување на мрежа на заштитни подрачја, обезбедување одржливо користење на природното богатство, спречување на штетни активности во природата, обезбедување на поволни услови за заштита на природата и обезбедување здрава животна средина.

Во поглед на организацијата за заштита на природата се предлага во Министерството за животна средина и просторно планирање да постои управа за заштита на природата, а за управување со националните паркови ќе се основа јавна установа - национален парк.

Заради евиденција во областа на заштитата на природата ќе се воспостави катастар за заштитените подрачја и регистер на природното наследство, ќе се врши и соодветен мониторин за состојбата во природата, а заради утврдување на генерална политика во обласата на заштитата на природата ќе се донесе национална стратегија за заштита на природата.

Овој закон обезбедува нов пристап во утврдувањето на прашањата за заштита на природата, што е една новина во истиот.

Законот за управување на отпад на најприфатлив начин дава комплексен и нов придонес во управувањето со отпадот, целосна реорганизација во управувањето со отпадот, дава инструменти на подршка на одржливиот развој, како и спречување на опасностите по животната средина. Во основа, со законот се уредува управувањето со отпад, плановите и програмите за управување, правата и обврските на правните и физичките лица, начинот и условите за собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, увоз , извоз и транспорт на отпад, мониторинг и информативен систем за отпад. Фокусирани се стратешки и плански документи за управување со отпад, стратегија за упрвување на отпад, планови за управување со отпад и годишни програми. Ќе се пропишува листа на отпади, сите институции поврзани со отпад ќе подлежат на интегрална еколошка дозвола и постои обврска за евиденција и известување во

врска со отпадот. Комуналниот отпад е во надлежност на отпштините, но со можност за вклучување и на приватниот сектор.

Опасниот отпад е во надлежност на државата. Прописшана е постапка за изградба на депонии, а е регулирано и прашањето за прекугранично движење на отпадот. Мониторингот на управување со отпад е задолжителен, се воспоставува катастар на доставувачи на отпад, а сите податоци во врска со отпадот се доставуваат до информативниот систем за управување со отпадот. Со еден збор, законот за управување со отпад во целина ги содржи стратешките начела во оваа свера на отпадот.

Предметот на управување на законот за квалитет на воздух се мерки на избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на човековото здравје и животната средина преку намалување на граничните вредности на квалитетот на амбиенталниот воздух. Ќе се воспостави катастар на загадувачи на воздух и регистер на загадувачи на материи и супстанци, ќе се утврдат стандардите за квалитетот на воздухот со соодветнеи гранични вредности. Мерењето на загадувањето на воздухот ќе се врши преку државни и локални мрежи. Со законот се предлага изготвување на вионален план за заштита на воздухот и програма за намалување на загадувањето и управувањето на квалитетот на воздухот. Се предлага воведување на сеопфатен систем на мониторинг преку системско набљудување, мерење и испитување и оценување. Сите информации од мониторингот ќе се доставуваат до информативниот систем, од каде ќе се врши информирање на јавноста. Катастарот на загадувачи на воздух ќе биде еден од најзначајните документи, а заради заштитата на квалитетот на воздухот сите субјекти ќе мора да прибавуваат интегрирано еколошка дозвола. Со законот за квлаитет на воздухот ќе се обезбеди интегриран пристап на управувањето со квалитетот на воздухот како и адекватна институционална поставеност на институциите надлежни за оваа намена.

Со овој блок закони од животната средина анимирана е стратешката определба на Владата и на целата македонска јавност за пристапување кон ЕУ. На овој начин, покрај особена корист на законите за сите нас, Република Македонија ги исполнува обврските кои произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација за хармонизација на нашето законодавство.

Поради тоа, како и поради извонредниот квалитет на оваа регулатива, ве повикувам да дадете придонес и целосна подршка на овие закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави Г. Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитувана г-ѓо потпретседател, почитувани претставници на Владата колешки иколеги пратеници,

Мислам дека донесувањето на овој пакет закони од областа на, условно кажано, екологијата ќе го подржат не само пратениците туку и нашите граѓани поради еден едноставен факт: Тие, односно законите се во функција на ефикасна заштита на природата, на квалитетот на животот, водата, воздухот и на останатите елементи на животната средина. Зголемен интерес за суштината на законските одредби во делот на заштитата на животната средина може да се очекува особеон од граѓаните, здруженијата и особено од градот Велес, чии жители како што е познато деценски се напатени од енормната загаденост на сите три медиуми на животот: на почвата, водата и воздухот. Затоа овој град со уште неколку центри во Република Македонија  во негативна смисла на зборот претставуваат еклатантен пример како и во кој првец не треба да се насочува индустрискиот развој во една држава, особено на онаа индустрија за која научно е докажано дека создава канцерогени појави кај човекот и дека оловото, цинкот, кадмиумот, повторувам кадмиумот, сулфорниот диоксид и другите токдсични супстанци создаваат нарушвање на здравјето на луѓето, појава на деформации кај новороденчиња, веројатно и зголемен стерилитет и болести кои како што реков неможат да се излечат.

Во разговорите и размена на мислења со претставници на одделни невладини организации, кои се наши партнери во оваа област се потврдува податокот дека колку и да сакаш одреден проблем да го согледуваш локално, да не речам дури и локалистички, сепак проблемот со екологијата е глобален.

Инаку, тоа навистина е проблем на конкретниот град, тој да акумулира државни средства и мерки, завршувајќи со мерки во областа на здравството и на тој начин ја класифицира државата во регионот и пошироко во една од црните, или црвените листи, како сакате дел од животната средина. Тоа не може да остане без влијание на интересот на нашите производи на поширокиот пазар, интересот на потенцијалните други странски инвеститори и т.н. Затоа, иако Законот за животна средина претставува само општ пропис врз чија основа се подготвени предлозите на посебните закони, мислам на законите за природата, за квалитетот на воздухот, за

водите и друго, очекувам со нужните забелешки овој пакет на закони да наиде на консенсуална поддршка од сите пратеници. Ова дотолку повеќе што Владата пристапила кон интегрално уредување на овие односи со кои се регулираат прашања на општите и посебните обврски и мерки во делот на екологијата, на мониторингот на медиумите на животната средина, за информативниот систем и за пристапот на граѓаните кон информациите што се однесуваат на загадувањето, односно на заштитата на животната средина.

Сето ова го подвлеков на овој начин, зашто ако се залагаме како политички субјекти, како политички партии за отворено општество и отворена и транспарентна Влада, тогаш овој е еден од најзначајните сектори, каде што овие работи можат и треба да дојдат до целосен израз.

Со други зборови, сите податоци за состојбите со загадувањето и со превземените мерки од ресорното министерство треба да бидат достапни до секој граѓанин.

На крајот, сакам да кажам дека се чувствував должен да се согласам и да се заложам за што поквалитетни решенија во оваа област. Но во функција на подобрување на текстот на законот и на посебните закони, во соработка со невладините организации од оваа област, ќе доставам до министерството исто така, пакет на сугестии и забелешки, кои се надевам дека ќе наидат на соодветен третман во втората фаза, односно при конечното усвојување на овие закони.

Затоа, кон оваа моја дискусија вложувам писмени предлози за одделни измени во оваа сфера, согледани од невладините организации и особено од друштвото на родители за грижа за здраво поколение во Република Македонија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за дискусија е господинот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувани претставници на Владата и колеги,

Пред нас е пакетот закони за донесување од областа на екологијата, а меѓу нив и законот за животна средина.

За донесување на овие закони, како што ви е познато постои уставна основа и тоа почнувајќи од членот 8 по Уставот, каде што се утврдува хуманизација и

уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата и во членот 43, каде што стои дека секој човек има право на здрава и животна средина и дека секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата.

Согласно Уставот, сите природни богатства во државата, растителниот и животинскиот свет, добрата за општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно историско значење, определени со закон се добра од општ интерес за државата и треба да уживаат посебна грижа и заштита.

Поаѓајќи од ваквите ставови се наметнува заклучокот дека заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и здравјето на луѓето е вградено како приоритетна и темелна вредност за што посебно треба да сме заинтересирани и ние во овој наш законодавен дом.

Има повеќе од три децениикако членките на Европската унија утврдија норми во доменот на заштита на околината. Од парискиот состанок во 1972 година постои повик за акција за заштита на околината, иако во тоа време главно се третираа опасните хемиски супстанци, квалитетот на водата и загадувањето на воздухот. Од тогаш легислативата на Европската унија води сметка за сите аспекти за заштита на околината и националните и локалните власти треба да ги имаат предвид тие одлуки, а ние барајќи да се асоцираме и да станеме  членка на Европската унија, посебно треба да ги имаме предвид тие одлуки на Европската унија.

Во Предлогот за донесување закн за животна средина изнесени се причините за тоа и се чини дека е крајно време тоа да се направи. Долго време кон околината се однесувавме немарно, просто си ја сечевме гранката на која што седевме и не мислевме за идните поколенија. Но природата почна да ни се свети, не само локално, туку и глобално. Затоа времето на немарност е завршено. Денеска е евидентно дека околината треба да е грижа на сите нас бидејќи светот во кој живееме ќе ни пружи таков квалитет на живот каков ние самите ќе го направиме. Сите инциденти од каков било вид влијаат на нашиот квалитет на живот, на нашата егзистенција, на нашиот начин на живеење, на нашето здравје и на нашата сигурност. Сите граѓани, не само од нашата држава туку и од Балканот, Европа и светот во целина имаат интерес да ја штитат и унапредуваат околината бидејќи тоа е синоним на подобар квалитет на живот. Навистина почнувајќи од асмата кај децата, па до изборот на една чиста плажа за поминување на годишниот одмор, преку заштита од поплави и превенција од сообраќаен хаос и застој во сообраќајот

се аспекти значајни за нашиот секојдневен живот, кои се условени од срединските фактори.

Во текот на последната деценија јавноста во Македонија манифестно беше сензбилизирана и загрижена бидејќи на средината и се појавија сериозни закани од страна на луѓето и граѓаните бараа, не само да бидат информирани за состојбите во својата животна средина, туку да се преземаат и мерки да не се нарушува здравата животна средина. Главно се работеше за закани во смисла на загадување на водата и воздухот, преинтензивно експлоатирање на некои природни ресурси, истребување на некои растителни и животински видови и појави на климатски промени, заради човекова негрижа. За да влеземе во една нова ера на заштита на околината, ние треба да превземеме одредени акции на соработка и со соседните држави за спас на околината, зашто воздухот што го дишиме, водата што ја пиеме, често се и индиферентни на националните граници.

Со донесувањето на овој закон непосредно се создава правна рамка за реализирање на одредена државна стратегија иза заштита и унапредување на животната средина и природата. Со законот се утврдуваат мерки, методи, критериуми и средства за заштита на воздухот, водата и земјиштето од загадување, спречување штетна бучава, ставање под посебна заштита на природни добра и објекти на природата, заштита од јонизирачко и нејонизирачко зрачење, користење и депонирање на отпадоци, како и други сегменти сврзани со стратегијата.

За превентивно делување од загадување на средината, според мене има два начина. Преку едукација и информирање на граѓаните за значењето на животната средина и развивање на одредена свест за нејзиното штитење и преку казнени одредби кои се предвидени во главата 21, сметам дека казнените одредби за правни лица се добро разработени, но малку внимание, според мене ги сметаме казнените одредби на физичките лица. Во таа насока би требало според мене, да се интервенира бидејќи во практиката се забележува голема негрижа на граѓаните.

И уште една поопшта забелешка би кажал во оваа прилика. Имено, има доста членови во овој закон кои се премногу декларативни, а не цврсти норми. Да речеме само се препорачува нешто. На пример членот 17 научните, образовните, здравствените, информативните, културните и други институции, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓани во рамките на нивните активности треба да ја промовираат и да ја обезбедат за развивање на свеста за значењето на животната средина и за нејзина заштита. Една декларација која не можеме никогаш да ја обврземе, не кажува на кој начин тоа може да се спроведе. Јас можам да најдам повеќе такви, но

во другата фаза од расправата, веројатно, ќе можеме конкретно да заклучиме да разговараме. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се ави госпоѓата Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани претставници од Министерството за животна средина, почитувани колеги и колешки.

Дозволете ми да изнесам неколку кратки видувања во однос на Предлогот на законот за донесување на законот за животна средина, за кој сметам дека третира едно од најважните животни прашања на нашето време и на нашата епоха. Заради негативните тенденции на загадување на човековата средина и нарушување и уништување на природните услови за живот.

Таквите негативни тенденции го снижуваат квалитетот на животот и придонесуваат на долг рок да се загрози опстанокот на човечкиот род и на планетата земја како наш заеднички дом. Токму затоа, оваа проблематика нужно бара глобален интегриран пристап и затоа дел од овие прашања се регулирани со меѓународни договори, помеѓу другото да се обезбеди и потребниот интегриран пристап кон комплексноста на прашањето на животната средина, а од тука  се разбира, произлегува и нашата обврска да ги хармонизираме нашите прописи, нашата регулатива во однос на европските и светските.

Со законот кој што се предлага се регулира правната заштита а животната средина и природата како темелна вредност, а тоа е вградено и во Уставот на Република Македонија, а со амандманот 17 ова право е подигнато како право на непосредно учествување во одлучувањето на граѓаните во единиците на локалната самоуправа. Со овој закон исто така, е важно што основното начело и принцип би рекла, од основните еколошки постулати, чувај го животот и мисли глобално, делувај локално се дадени во форма на одредби и норми. А дефинирани се  во обем и содржина сите  респективни термини од оваа комплексна област.

Ова од своја страна претставува основа врз која ќе се усогласат практичните потреби и исто така, основа врз која се уредуваат основните принципи и постапки кои ќе се применуваат во законите за поодделни медиуми, како што впрочем и во своето воведно излагање  образложи заменикот министер.

Од особена важност е што овој закон предвидува постапка и рокови за усогласување на стопанскиот сектор со новите норми и стандарди за заштита на животната средина.

Дозволете кратко да коментирам. По член 4 точка 11 и точка 12. Точката 11 се однесува на развивање на свеста за потребата од заштита на животната средина во образовниот процес и промовирање на заштитата на животната средина во контекст на член 10, член 16 и член 17, кои поблиску одредуваат дека единиците на локалната самоуправа имаат обврска и право на своето подрачје да ги превземаат сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина.

Во рамките на регулативата која се нуди со овој пакет закони, локалните средини, градски и рурални, а тука би го спомнаа се разбира и регионалниот аспект, зависно од своите економски и финансиски социјални и културолошки карактеристики, треба да развиваат сопствени и практични решенија за разрешување на типично локалните еколошки проблеми од чие решавање граѓаните треба да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки како активни учесници и како фактор на контрола на реализацијата и менаџментот на истите. За ова генерални рамки даваат во овој предлог закон и законот за локала самоуправа и се разбира најгенералната рамка, Уставот со амандманот кој претходно го спомнав. Ова исто така е дефинирано и како цел во овој предлог закон и таа цел во рамките на локалната самоуправа е можно да се постигне со востановување на демократски процедури кои ќе овозможат граѓаните директно да учествуваат во процесот на донесување на одлуки за решавање на проблемите кои нив ги засегаат од еколошки аспект. Дека тоа е можно и дека веќе имаме позитивно искуство покажаа и првите леапи, оние кои беа изготвувани од страна на граѓански комитети во консултација со технички лица и експерти, во кои имаше вклучено голем број на учесници и еколошките приоритети на локален план беа одредувани во консултација со граѓаните преку истражување на јавното мислење и преку други форми.

Овие позитивни искуства понатаму можат да се применат во охрабрувањето и поттикнувањето на волонтерската работа и обезбедување на пристап до фактите и параметрите кои се однесуваат на загадувањето на животната средина. Од леапите се согледува дека граѓаните по прашањето на одредени еколошки проблеми имаат висок степен на взаемна согласност во идентификацијата на истите. Член 10, член 16 и член 17 од овој предлог за донесување на закон со начинот на кој се дефинирани отвараат нови можности за соодветно постапување во рамките на единиците на локалната самоуправа и тоа спрема мене се однесува на следното.

Граѓаните можат активно да учествуваат во креацијата на сопствената визија за развојот на својот град, да ја одржуваат врската меѓу градот како ентитет со неговата историја, култура, социјал економско миле и тн., а и самиот град со структурата на локалната власт, како единка да се вклопи во генералната стратегија за заштитата на животната средина. Но, бидејќи ние како граѓани кои живеат на соодветно подрачје не треба да се набљудуваме себе си само како можни жртви од загадувањето, туку како активни причинители на истото, од тука произлегува и потребата од градење на соодветен пристап и модели на поведение во образовниот процес, како заеднички норми и стандарди на еколошки соодветно примерено поведение.

Секако, ова претставува долгорочен процес на раѓање и востановување на локално тло на нов тип на урбана еколошка култура која ќе ги интегрира во себе си и традиционалните и современите вредности.

Мислам дека нема да звучи претерано ако речам дека со овој предлог-закон, со законот за локална самоуправа се редефинираат целите, или еден аспект, еден сегмент од целите на единиците на локалната самоуправа во светлоста на реалноста која наметнува одредено поведение на ниво на поединци, на правни и физички лица и на општеството во целина, во контекст на времето и епохата во која живееме. Потоа, креации на можности за економска одрживост на можните загадувачи со минимизирање на штетните активности од нивна страна и нивната социјална одговорност. Роковите и постапките согласно мораат да се престројат и од друга страна, со максимизирање на контролата на граѓаните како израз на нивната поединечна и колективна грижа за одржување на нивната животна средина и хумана заедница.

Во контекст на членот 47, дозволете ми почитувани колеги пратеници, повторно да ја спомнам потребата од воведување на етиката во наставата за што говорев во расправата по предлогот за воведување на веронаука во образованието.

Во контекст на оваа расправа, на овој предлог на закон, токму по оваа сложена проблематика, ќе наведам уште еден аргумент за воведување на етиката во наставата, согласно методологија утврдена на експертско ниво. Кој е аргументот? Еколошката етика, покрај она за што претходно расправавме е една од најважните индивидуални социјални и политички етики на денешницата и сознанијата до кои доаѓа екологијата ги внесува во моралниот систем на човекот. Притоа се разбира, очекувајќи негово позитивно дејствување, затоа што еве, уште еднаш да повторам секој може да биде жртва, но исто така и причина за пропаст.

На крајот дозволете да изнесам една сосема практична забелешка и сугестија до предлагачот на законот, еден термин кој се употребува и во овој предлог на закон и во другите предлози кои ќе ги расправаме како наредни точки, воопшто не можам да го примам. Терминот инсталација не е баш во духот на нашиот јазик. Јас сум сигурна дека и предлагачот имал дилема дали да го употреби кај нас. Во практичната употреба и во секојдневниот живот се употребува во сосема поинаква смисла. Иако во член 5, точка 16 се нуди  дефиниција на поимот инсталација и во обем и во содржина, сепак чувствувам за потребно да препорачам уште еднаш предлагачот на овој закон да размисли за друг посоодветен термин, кој истовремено ќе биде респективно примерен на европската терминологија. Ова го кажувам и од сопствено практично искуство, работејќи на оваа проблематика и мислам дека терминот кој што го спомнав, еве повторно ќе го повторам инсталација може посоодвено да се преведе и притоа да предизвикува соодветни рационални и практични импликации сосема адекватно на дефиницијата дадена во член 5  точка 6 од овој предлог на закон.

Почитувани колеги и колешки тоа се воглавно моите забелешки и коментари иако на прв поглед со начинот на кој е даден текстот е малку поразличен од вообичаениот на кој сме навикнале, јас мислам дека заедно со секторските закони и подзаконските акти кои од нив ќе произлезат, ги задоволува критериумите на применливост, особено со фактот што , по мое мислење, се дефинирани, односно дадени се дефиниции на сите клучни термини кои се однесуваат на прашањето на животната средина и комплексноста што стои зад овој термин. Затоа, јас ќе гласам за Предлогот за донесување на законот за животна средина. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Госпоѓо потпретседателке, почитувани претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Чувствувам потреба како екологиста, по убедување, да ја искажам својата безрезервна подршка, во врска со овој закон и сонаредните закони кои доаѓаат од ова Министерство,кои се дел на овој пакет закони кои се однесуваат на животната средина.

Безрезервната подршка ја давам од своето убедување, најпрвин затоа што целото законодавство    Република Македонија треба да го прилагоди кон

законодавството на ЕУ, што овој пакет закони го прави навистина еден од најуспешните примери на прилагодување на нашата законска регулатива со Европската регулатива досега. Имено заменикот министер зборуваше веќе за превземените активности, за начинот на кој беше изработуван овој пакет на закони и сметам дека ваквиот начин на подготовка на законите треба да се примени во други области. Како резултат на тоа имаме пакет на закони со многу висок степен на усогласеност со директивите и барањата, резолуциите на ЕУ. Во тој правец не би сакала подетално да зборувам за поедините решениај воовој закон, затоа веќе зборуваше г-динот заменик министер, а зборуваа и моите колеги претходно. Дозволете ми само на кратко да го насочам вниманието, пред се на Министерството за животна средина и просторно планирање, како надлежно за спроведување на политиката во оваа област, а исто така и вниманието на колегите пратеници и на целата македонска јавност употребата паралелно со фазата која следи од донесување на овој Предлог закон до вградување на забелешките кои овде ќе бидат слушнати во конечната верзија на законот, да укажам на потребата, истовремено да се подготвуваат и мерки за негово што поуспешно заживување по донесувањето на овој пакет закони. Имено убедена сум , за да може законот, што реквоме дека е потполно прилагоден на барањата на Еу, да биде исто така успешно применет во нашите услови, според мене потребно е да се обезбедат три основни услови. Сите тие три услови се опфатени со текстот на законот, меѓутоа, сметам дека е потребно дополнително ангажирање на надлежните органи, дополнителни активности за тие навистина да заживеат. Тие се следните: Најпрвин организирање на потребните институции кои ќе ја спроведат политиката и одредбите дадени во законот. Имено досега пости Министерството за животна средина и просторно планирање кое е надлежно за одредување на политиката во оваа област и нејзино извршување. Меѓутоа и покрај тоа многу е битна улогата и на дополнителни институции за спроведување на политиката која ја утврдува Министерството и Владата.

Во самито закон предожено е о сновање на Агенција за животна средина чие оснвоање потполно го подржувам и ја согледувампотребата од една ваква агенција. Сметам дека во меѓувреме, меѓу двете фази до конечно донесвување на овој закон Министерството за животна средина треба да работи многу сериозно на основање на оваа агенција односно подготовка на законот , со која ќе се утврдат надлежностите на агенцијата и начинот на нејзино функционирање.

Понатаму друга институција која што е потребна за есенционална подршка на оваа област е Фондот за животна средина. Колку што сум информирана, во Македонија постои Фонд за животна средина , за кој, за жал во последновреме информациите се дека не функционира според неговите капацитети и можности за директната намена за која Фондот е основан. Значи можеби овие проблеми се должат на фактот што Фондот не е доволно самостоен, како институција. Сега засега се наоѓа во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање. Меѓутоа, потребни се веројатно измени и на одредбите кои се однесуваат на основање и функционирање на Фондот за животна средина.

Понатаму, друг основен услов за успешно спроведување на законските одредби од овој законски пакет е образованието и подигањето на свеста кај граѓаните вов рска со потребата за заштита на животната средина и здравјето на луѓето. Во самиот закон се утврдени одредби во кои се предвидува и подигање на свеста и се предвидува врска помеѓу Министерството за животна средина и Министерството за образование и наука воподршка на имплементацијата на подршка на овие закони. Овој дел, овие одредби ги подржувам и предлагам да се поведе посебна сметка одредбите да се спроведат во живо.

И на крај, последниот предуслов што сметам дека навистина е од суштинско значење за успешноста на имплементацијата на одредбите од законот, тоа е постоење на доволно финансиски средства и за функционирање на институциите иза подигањето на свеста и образованието кај граѓаните и потребата од грижа за животната средина.

Во законот е предвидено дека финансирањето на одредбите од законот, спроведувањето на одредбите пред се ќе се изведува прекуФондот за животна средина. Посочени се тука одредни извори на средства кои пред се се однесуваат на зафаќања од даноците, зафаќањето од казни и т.н. Тоа се пред се извори на домашни средства.

Дозволете ми на крај само да потсетам односно да апелирам пред се до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Владата, за потребата што суштински се чувствува во Македонија, од потпишувањето на Протоколот од Тјото, покрај веќе потпишаната Рамковна конвенција за климатски промени на ООН што Македонија ја има потпишано уште во 1997 година. Имено по потпишувањето на Протоколот на Тјото од страна на РМ, Македонија ќе добие пристап и до меѓународните фондови и средства односно механизми преку кои може да се финансираат проекти од областа на подобрување на животната средина,

спречување на климатските промени и т.н. Според тоа Македонија со сегашниот степен на развој, потпишувајки го Протоколот, не би преземала обврски да финансира односно да уплаЌа средства во тој Фонд, туку би се јавила пред се и најпрвин како корисник на механизмот за чист развој, штоподразбира дека Македонија ќе треба да научи да ги валуира правилно проектите кои овозможуваат намалување на емисиите кои предизвикуваат климатски промени и ќе научи правилно да конкурира и да користи средства од меѓународните фондови, за проектите, за потенцијалите во Македонија кои претставуваат чист еколошки развој. Пред се во овој случај мислам на големите потенцијали и ресурси во Македонија, од обновливи извори на енергија, големите потенцијали за заштеда на енергија и големите потенцијали за спроведување на потенцијалите за енергетска ефикасност, за кои, повторувамуште еднаш, ќе може да се добие и дирекна финансиска подршка од меѓународни фондови до колку Македонија презеде обврска со Протоколот од Тјото.

Апелирам уште еднаш до Министерството и до Владата да ги изврши сите подготовки и да работи вофравец на отварање на вратите на Македонија за користење на механизмите за чист развој, така како што тоа го прават и го користат сите наши соседи.

Само за крај, за подршка на ова мое укажување, да наведам дека сите земји членки на ЕУ го имаат ратификувано Договорот од Тјото и тоа претставува за нив обврска. Меѓутоа и новите земји кои неодамна станаа членки на ЕУ, сите до една го имаат своевремено ратификувано Протоколот и во својот брз економски развој и прилагодување кон ЕУ, имаат широк достап до овие фондови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, почитувани пратеници,

Најнапред како и останатите мои колеги кои навистина искажаа задоволство од материјалите што денес ги имаме на дневен ред оваа седница за разгледвување и усвојување, од начинот на нивната подготовка и пред се од тоа дека се воведени нови европски стандарди на подготовка на законите, јас навистина како човек кој по своја професионална едукација работам во оваа област, сакам да го искажам и

своето задоволство затоа што навистина јасно се гледа имплементацијата на европските стандарди во оваа област. Според мене, бидејки Министерството за животна средина и просторно планирање е едно ново Министерство кое во рамки на своите кадри екипи стручен тим на млади луѓе кои можеа да ги видат европските искуства и на некој начин да ги имплементираат, не само во рамки на тоа што значи донесување на квалитетни закони, туку и од аспект на тоа , истите тие закони понатаму да се применуваат и да бидат вофункција на сите граѓани.

Сакам да дадам и некои свои забелешки односно сугестии, не би рекла забелешки затоа што ова е прва фаза од разгледување на законот и сметам дека дел од нив ќе бидат вградени во понатамошните фази од донесување на законот. Имено во делот на законот што се однесува на оценката на влијание на одредени проекти врз животната средина односно по Глава 11, би билопо соодветно, од стручен аспект го зборувам тоа, а не терминолошки, да се употреби терминот ризик, наместо терминот влијание. Исто така во ова поглавје премногу се нагласува влијанието на Владата на РМ во поголем дел на членови во овојПредлог закон, а од друга страна во поглавјето 17 се предлага формирање на агенција за животна средина, штој ас и текако би го подржала формриањето на таа стручна агенција за животна средина која ќе даде придонес вопонатамошниот развој во оваа област.

Преголемото влиание на Владата во Секторот на животна средина сметам дека ќе создаде елементи на политичко влијание во самата сфера на животната средина, што од своја страна пакќе значи и големо релативизирање на прашањата кои се поврзанисо животната средина. Затоа поголеми ингеренции треба да се внесат во Агенцијата што се надевам нема да биде дословно контролирано од страна на Владата и ќе се обезбедат инструменти за пореално делување во сферата на животната средина. Од друга страна во поглавјето 14 - оперативни планови , се зборува за постојните инсталации кои вршат значајно влијание врз животната средина.

Јас овде се согласувам со колешката на Андова, дали зборот инсталации е баш најсоодветен термин. Сметам дека треба да се изнајде некој друг термин кој ќе биде по прилагоден не за наше разбирање, туку за разбирање на сите оние правни и физички лица кои треба да го применуваат законот понатаму во пракса. Во ова поглавје се зборува за периодот на имплементација на оперативните планови, при што тојизнесувал 10 или 15 години, а во образложението на Предлогот на законот се цитира директивата на ЕУ 96/61 кој се однесува на таканаречениот концепт на БАД дозволите , со што се задоволува законската рамка во поглед на нашето

усогласвуање состандардите на ЕУ. Оваа законска определба според мене ќе имовозможи на постојните голмикапацитети кои вршат исклучителна деградација на животната средина, да изготват оперативни планови и истите да ги спроведат во периодод 10 до 15 години, со што на некои од нив векот на економската валоризација не им изнесува толку. Значи за нивното функционирање и животен век на работа со што ќе вршат деградација на животната средина, од тие 10 до 15 години нема да бидат обврзани да ги направат тие оперативни планови. Од друга страна овој закон во член 30 од истиот закон од 2003 година “Службен весник на РМ” број 13 зборува дека правните и физичките лица се должни да ги реализираат еколошко-технолошките проекти , во период од 5 години. Така што бројот на годините ќе се зголеми.

Почитувани пратеници, имам впечаток дека вакви деградации во животната средина се случуваат во ваквиот врменски долг период. Ова прашање според мене бара поинаков третман и би требало да се реши на поинаков начин, а тоа е да се квантифицира ризикот од некој објект. Значи пред тоа да се види каков е ризикот што значи да се утврдат постојните деградации врз животната средина издравјето на луѓето и дури потоа да се зборува за рокот на имплементација н аоперативните планови. Тоа може да се направи. Конкретно ние во Македонија можеме да видиме кои објекти ги носат одредените ризици. Со ваков пристап ние би ја искажале нашата грижа за животна средина во својата реална димензија, а не само во сфера на добрата законска регулатива , што во нашиот случај ќе се преведе од обичните граѓани , кој поблиску до политичките кругови на власта, тој подолго ќе има шанси да гоимплементира својот оперативен план. На некој начин тоа да се отргне и да не постои сомнеж сметам дека треба да се реагира претходно за овие работи да ги отстраниме.

Исто така сакам да госпомнам членот 142 од овој Предлог закон каде се наведуваат исклучоците од законот во однос на спречување и контрола на хавариите, со присуство на опасни супстанци. Исто така терминот хаварии, за поголема тежина на проблемот, според мене битребало да се употреби терминот акциденти, за да има поголема тежина, како што реков, бидејки и текако тоа е важно. Овој член на законот е посебно проблематичен и како таков би требало поинаку да се дефинира. Сметам дека за ова прашање, во наредните јавни расправишто ќе следат треба да се даде подетална елаборација и пореални согледувања во однос на влијанието врз животната средина однепримена на законот врз оние кои се однесвуаат на овој член.

На крајто би сакал да истакнам дека во чЛенот 167 каде се зборува за државни и општински инспектори кои треба целава оваа материја на некој начин да ја контролираат мора да се дополнат, според мене и струките дипломиран инжењер-геолог. Сметам дека тоа е технички испуштено и не смееме да го направиме бидејки геологијата како дисциплина , водејки сметка за  нејзините составни делови, а тоа се урбана геологија, геохемија на средина, хидрогеологија, геотехника, геофизика, во основа е составен дел на науките на земјата и науките на средината во секоја земја во светот и во нашата и од тој аспект на сите служби во светот кои се занимаваат со заштита на животната средина.

Сакам само да спомнам дека во оделни земји членки на ЕУ постојат министерства чиј назив е Министерството за животна средина и просторно планирање и геологија. Само за ваша информација Ќе спомнам една од најголемите агенции за заштита на животна средина ЕПА во САД, во чии рамки се наоѓаат огромен број на геолози кои работат на проблемите поврзани со животната средина.

Почитувани пратеници, во самиот Предлог на закон, во одделни делови , геологијата се споменува како дисциплина која зазема значајно место при дефинирање на одредени состојби во животната средина. Од тој аспект сметам дека оваа грешка која е направена највероватно со печатењето на материјалот,в о понатамошниот длекако таква ќе биде отстранета.

Навистина, уште еднаш сакам да гоискажам моето задоволство од сите предложени закони од Министерството за животна средина и просторно планирање, од начинот на кој се подготвени и на некој начин да апелирам и дод ругите министерства, барем да се служат со овој пример за штокако причина би рекла уште еднаш се стручниот тим , луѓе гои беа испратени воевропските земји. И останатите минситерства да го земат тој пример и понатаму да се доекипираат сос тручен кадар што во ова министерство се покажа дека може и текако да го води напред, во рамки на тоа, според мене, да гопридвижи како едно најдобро екипирано, во смисла да донесе пред пратениците квалитетни предлози на закони. Од тие причини јас навистина ќе ги подржам сите закони од оваа сфера.

Уште еднаш да го искажам задоволството што најголеми критики од моја страна ќе имаше на законот за води, но Владата еве денес гоповлекува за натамошна доработка. Мислам дека и вовааа област ќе направиме вака квалитетен закон како и останатите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Љупчо Мешков.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Љупчо Мешков, има уште 10 минути, мислам дека ќе ви бидат доволни колега.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам потпретседателке, почитувани колеги и гости,

Прашањето во врска со заштитата на животната средина е прашање што треба да има, а има малку политика, а многу повеќе како што се гледа од дискусиите се консензус односно согласност на сите чинители и политички субјекти, поаѓајќи, пред се, од важноста и значењето на ова прашање за здравјето на луѓето. Се разбира дека на ова прашање европските земји му придаваат особено значење и мислам дека во таа насока и законите кои се предложени ги содржат тие европски стандарди.

Сега, за успешно спроведување на оваа функција имаме во рамките на извршната власт Министерство за животна средина и просторно планирање, имаме стручни кадри за оваа проблематика, имаме норматива, меѓутоа, она што е особено важно да ја заокружиме целата целина за успешно носење со ова прашање и со овој проблем се финансиските средства, за што се осврна и колешката Борозан.

Се разбира дека финансиските средства до сега беа едно од прашањата што беа многу важни а буџетот на Републиката, мислам дека ќе се согласиме, не беше многу излишен во поглед на обезбедување на финансиски средства со кои ќе можеме успешно да се носиме со ова прашање.

Финансиските средства и овде во Законот за животна средина се предвидени, меѓутоа, ако подобро погледаме во членот 158 воглавно изворите се донации, камати, подароци, што барем мене не ми личи дека ќе имаме доволно сигурни извори на средства за да можеме да посветиме нужно внимание на ова прашање и да зборуваме за наше успешно спроведување на заложбите за здрава животна средина.

Исто така, единиците на локалната самоуправа ги сметам како важни чинители кои имаат многу важна улога во заштитата на животната средина бидејќи тие на подрачјето на единицата на локалната самоуправа најдобро ги познаваат прашањата, загадувачите и состојбите во врска со животната средина, меѓутоа, предлагачот во членот 158 зборува дека единиците на локална самоуправа можат

да формираат фондови за животна средина кои би се финансирале од расположивите средства на единиците на локалната самоуправа.

Ова може, се разбира, дека не е императив, туку е можност и сето тоа ќе зависи од материјалните можности односно дали единицата на локалната самоуправа ќе може или не во рамките на тие средства да ги формира овие фондови за животна средина кои се многу важни за да можеме да зборуваме за успешна заштита на животната средина.

Единиците на локалната самоуправа и до сега, а и сега кога зборувавме за делот на финансиската децентрализација беа искажани бојазности дека тие нема да располагаат со доволно финансиски средства за да можат да ги извршуваат функциите дадени во надлежност и ако појдеме од тоа, а логично се поставува прашањето односно бојазноста дека добар дел од единиците на локалната самоуправа нема да ги формираат овие фондови за животна средина, што, се разбира, ќе биде пречка успешно да се носат единиците на локалната самоуправа со ова прашање.

Бидејќи овој закон е во прва фаза, јас нешто во таа насока и на Комисијата зборував, евентуално дали ќе може преку други централизирани средства од Буџетот да бидат дозначувани до единиците на локалната самоуправа и сите тие да можат да ги основаат тие фондови за заштита на животната средина или евентуално делот на децентрализацијата, што е во надлежност на друг закон да можат да обезбедат повеќе финансиски средства за да можат да ги формираат овие фондови за животна средина и да можат поуспешно да ги спроведуваат задачите кои се во нивна надлежност и кои во рамките на единиците на локалната самоуправа најдобро би можеле да го чинат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колеги имаме уште 5 минути до паузата, господинот Томе Тромбев е на ред, дали тоа ќе ви биде доволно, нема да биде.

Објавувам пауза, а почнуваме во 14,00 часот.

(Пауза од 12,55 до 14,10 часот)

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Го молам претставникот на Владата да влезе во собраниската сала за да можеме да продолжиме со расправата по текстот на законот.

Ги молам колегите пратеници да влезат во собраниската сала за да можеме да продолжиме со работа.

Во ред, го имаме претставникот на Владата, можеме да продолжиме со седницата.

Збор има господинот Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувани колешки и колеги,

Јас во моето излагање кое ќе биде во два дела, со оглед на тоа што во првиот дел би сакал да се обратам како претседател на Комисијата за транспор, врски и екологија. На Комисијата која пред оваа собраниска седница имаше две седници на кои беа разгледувани пакетот закони од сверата на животната средина и би сакал да ги кажам нашите импресии како Комисија од овој пакет закони.

Комисијата за транспорт, врски и екологија во целост го поддржува донесувањето на пакетот закони од областа на животната средина со кои се воспоставува интегрална рамка на делување во област на управувањето на водите, заштитата на природата, управувањето со отпадот, заштитата на квалитетот на воздухот базирани врз суштинските одредби содржани во рамковниот закон за заштита на животната средина.

Тука би сакал да ги пофалам напорите на Владата на Република Македонија а особено на Министерството за животна средина и просторно планирање што ни презентираа закони кои се усогласени со директивите на Европската Унија што воедно претставува реализација на нашите обврски од европското партнерство и тоа на кратки рокови.

Како собраниска комисија која истовремено го следи имплементирање на Спогодбата  за стабилизација и асоцијација можеме да констатираме дека со овие закони директно се имплементирани членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација кој се однесува на усогласување на законодавството и членот 3 кој е посветен на заштитата на животната средина.

Комисијата, воедно е запозната и со транспарентноста со која се подготвуваа овие закони што како пример и го препорачува на Владата да го следи ваквиот пример при донесување на идните закони.

Сега би продолжил со мојата пратеничка дискусија. Уште на почетокот да кажам дека јас како пратеник ќе му дадам безрезервна поддршка не само на Законот за животна средина, туку и на другите закони од пакетот кој денеска го

разгледуваме, за жал од тој пакет е извлечен законот за води, меѓутоа, се надевам дека на некоја наредна седница ќе го разгледуваме и тој закон.

Леонардо Да Винчи во минатото рекол дека природата никогаш не ги крши своите закони. Но, тука е човекот. Тој веќе сериозно ја загрози животната средина во целина, а со тоа и својот опстанок. Со својата никогаш и со ништо незадоволена глад за просто трупање на материјалните богатства неговите активности доведоа до незаменливи загуби на природните ресурси, биолошката разновидност и еко системите до нарушување на озонската обвивка, пореметување на климата, губиток на обработливо земјиште, уништување на шуми, појава на кисели дождови.

Сите овие, а и многу негативни процеси кои не ги спомнав, доведоа до нарушување на природниот еквилибриум, со што се доведува во прашање натамошниот опстанок и развој на човекот. Во изминатиот период, општеството не изградило доволно развиена свест дека животната средина е ограничувачки фактор и дека природните ресурси, се во најмала мера, тешко обнвливи. На природните ресурси не му се придавало нужното значење како основа од која зависат сите човекови активности и дејности. Човекот ги третирал нив како неисцрпливи, ги експлоатирал без ограничувања, неводејќи сметка за асобциониот капацитет на животната средина притоа слеп за цената што природата а и самиот тој ја плаќа. До пред само неколку децении се чинеше дека природата е непресушен извор, дека човекот може да прави што сака и дека неговата активност не мора да се придужува до никакви норми и принципи, заради што деградацијата на животната средина се врати како бумеранг.

Но, во текот на осумдесетите и деведесетите години, во свеста на сите луѓе прашањето на животната средина допре како фундаментален глобален проблем на човештвото. Заштитата и унапреддувањето на животната средина веќе повеќе од триесетина години е ставена во приоритетните активности на современата цивилизација, рамноправно со мирот, демократијата, економскиот развој и социјалната правда. Денес сме загрижени за се поголемото загадување на животната средина, кое постепено се претвора во збир на проблеми на кои треба да им се посвети посебно внимание. Мора да се преземат адекватни мерки за да се заштити животната средина, без разлика на постоечките локални и регионални разлики во степенот на нејзината загрозеност. Развиените земји, особено, земјите-членки на Европската Унија, на политиката на заштитата на животната средина и го даваат приматот во рамките на развојните политики. Во повеќе индустриски развиени земји доминира ориентацијата за спречување на загаденоста на животната

средина, отколку насочување на силите кон санирање на загадувањето, со што се заштедуваат значителни финансиски средства. Така на пример, во западно-европските земји (Германија, Франција, Норвешка, Холандија итн) се спроведуваат пресметки за средства потребни за санирање на штетите врз животната средина и истите се споредуваат со средствата потребни за спречување на таквите оштетувања. Генерално гледано, тежиштата на политиката за заштита на животната средина земјите го стават врз намалување на високото ниво на загаденост и втемелување на заштитата на животната средина зврз економски принципи (познатите начела: загадувачот плаќа, корисникот плаќа). Политиката во оваа сфера е насочена кон обезбедувње на врамнотеже однос помеѓу развојните интереси и потребата од заштита на животната средина. Интегралниот пристап, како основа на политиката за заштита на животната средина, подразбира разработка на целовита и долгорочна програма на активности и означува почеток на нов општествен однос кон животната средина, со потполна свест за постоење на одговорност кон идните генерации. Тој изискува кореcподентност, интеракција и усогласена примена на различни инструменти за заштита меѓу кои предначат легислативата и институционализацијата. Заштитата на животнмата средина подрзбира чување на природната животна средина од различни видови негативно влијание,ублажување на тие влијанија до еколошки прифатливо ниво, како и спречување на еколошки катастрофи со што на идните генерации би им се осигурал квалитетен животен простор. За создавање и зачувување на чиста животна средина потребни се длабоки социјални и еконмски реформи, кои би ги опфатиле сите сфери на општествениот живот на едно современо општество, вклучувајќи ги властите (и државните и локалните), деловните субјекти, невладините организации, медиумите, а пред се - граѓаните; се со цел - бројни прообразби на економски, културен и еколошки план. Приклучувајќи се кон настојувањата за создавање здрава животна средина, односно придржувајќи се на стремежот за одбегнување на еконмската дистанцираност од еколошките проблеми, неопходно би било преземање соодветни заштитни механизми со конкретни мерки и активности.

Определбата на нашата земја да оди во чекор со збиднувањата во меѓународната заедница и ориентацијата кон индустриски развој, свое негативно и врз нарушувања на животната средина.

Една кратка ретроспектива на динамичниот стопански развој на Македонија започнат некаде во 50-тите години, кога при настојувањата да се стави акцент на интензивно зголемување на индустриското производство, тогашниот развоен

концепт и економскиот систем доведоа до високо ниво на загаденост на животната средина. Развојот на индустријата не беше базиран на технолошки решенија кои би воделе сметка за заштита на животната средина, па се изградени објекти без потребните технолошки решенија за пречистување на ефлуентите и заштита на животната средина. Но, паралелно со демократизацијата на општеството и воведувањето на повеќепартискиот систем, новиот еколошки сензибилитет го постави етичко-моралното прашање:

“Дали на луѓето им е дозволено да прават се што ќе посакаат???”

Одговорот на ова прашање е даден во законите во сферата на заштитата на животната средина, што се денес предмет на дебата во овој законодавен дом и на мојата дискусија.

Притоа ќе се задржам подетално на Законот за животна средина, затоа што одредбите од овој закон се рефлектираат во одредбите во другите закони, но пред да проговорам за Законот за животна средина, најпрво сосема накратко би сакал да укажам на тоа како е уредено еколошкото право во земјите на Европската Унија.

Во Велика Британија, Холандија, Данска, Шведска и една наша соседна држава Словенија постои основен закон за животна средина во кој начелно се уредуваат сите прашања во врска со животната средина и низа други посебни закони со кои подетално се уредуваат прашањата во врска со животната средина. Во други држави на Европската Унија не постои основен закон за заштита на животната средина, туку постојат низа посебни закони со кои се уредува проблематиката од животната средина. Со таквите посебни закони всушност се пренесени сите директиви од Европската Унија во националното законодавство на земјите. Меѓутоа, без разлика на тоа кој пристап е земен за да се уреди законодавството, важно е тоа што во законодавството на сите овие земји се вградени директивите на Европската Унија. Разликите кои постојат помеѓу законодавствата на земјите се базираат или на различните правни системи (англосаксонскиот, континенталниот и скандинавскиот), или се резултат на различното државно уредување (унитарна или федеративна држава). Постојат и разлики кои се базираат пред се на правната традиција.

По примерот на други држави во 1996 година и кај нас е донесен Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, базиран на Уставот, но повеќе од евидентно е дека е застарен, а е и недоволен за регулирање на сите прашања од оваа област. Затоа, како објективна нужност за подобрена заштита на животната средина, како и заради стратешката определба на Република Македонија

- хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, се наметнува потребата од донесување нов закон со кој рамковно ќе се уредат сите прашања. Исто така потребно и донесување на други закони со кои детално ќе се уредат посебните прашања од пооделните сфери на заштитата на животната средина.

Како што кажав, законот ги вопоставува темелите на зконската регулатива во заштитата на животната средина и како таков тој претставува рамковен закон кој ги дава основните принципи и начелата во заштитата на животната средина, а ги дефинира и основните административно уставни постапки кои ќе се спроведуваат од страна на органите на управата и локалната самоуправа.

При донесувањето на Законот за животна средина не треба да се тргне само од потребата за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, туку и од потребата да ја заштитиме животната средина кај нас, за нас и за нашите идни генерации.

Предложениот текст е комплексен, бидејќи тоа го налага материјата што се регулира. Но, текстот е и, би рекол, во некои одредби, дескриптивен и потребно е да му се даде императивна форма. Затоа мојата сугестија е во изработката на Предлог законот да се обрне внимание на оваа забелешка за да законот биде подостапен до граѓаните и да биде спроведлив од сите релевантни субјекти во пракса, а не да создава дилеми.

Исто така, би укажал и на тоа дека во втората фаза би требало да се обрне внимание на поедноставување на административната процедура за добивање на лиценци и слично, согласно законот и нивно трансферирање на локално ниво. Во овој закон се предвидени повеќе новини кои пред се произлегуваат од директивите на Европската унија. Такви новини некои од нив и до сега имаа свое место во нашата легислатива. Но, тука се дадени во поиновирана и во поцврста форма, а тие се следните.

Како прва новина, начелата на заштитата на животната средина кои се во согласност со европската политика за животна средина содржана во европските договори. Би го потенцирал начелото на меѓународна соработка, што Република Македонија ја определува како активен чинител во напорите на глобално ниво, за заштита на животната средина.

Како второ, воведување на информативен систем, со што се предвидува воспоставување на регистар на загадувачи, материи, супстанци и

катастар за животната средина. Но, не се утврдени временски рокови за се она што е потребно да се донесе согласно законот.

Трето, пристап до информации. Имено, законот оди пошироко од директивата и истиот се темели и врз Архуската конвенција. Сметам дека ова е добро, бидејќи се дава посебна содржина на овој предлог, затоа што со обезбедување гаранција за достапност на јавноста до информации за животната средина, се имплементира Архуската конвенција за пристап до информации за животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуки и пристап до правдата, а со тоа конечно се надминува правната празнина меѓу оваа ратификувана конвенција и домашното законодавство.

Четврто, посебно означување на производите произведени со техники и технологии со кои се овозможува помало оптоварување за животната средина. Верувам дека со ова ќе се зајакне односот меѓу потрошувачите и заштитата на животната средина. Во иста насока е и воведувањето на еколошко етикетирање, како инструмент за поттикнување на потрошувачката низ заштита и унапредување на животната средина.

Петто, мониторинг на животната средина од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, и тоа преку државни и локални мониторинг мрежи. Во однос на последното, неопходно е да се имаат предвид постојните капацитети на локалната самоуправа за управување во животната средина, заради што сметам дека предлагачот треба да обрне посебно внимание на зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа во оваа насока.

Шесто, изработка на национални и локални акциони планови. Позитивно го оценувам напорот на предлагачот да во законот вгради и механизам за планирање на заштита на животната средина, преку изготвувањето на таканаречениот НЕАП кој што ние и го имаме од 1996 година и локални акциони планови. Имајќи предвид дека НЕАП ќе се темели на Програмите за животната средина на Европската унија, станува јасно дека ќе биде комплементарен со актуелната политика на Унијата во оваа област, што секако е и наша цел. Особено ценам што во законот се нагласува спроведување на НЕАП од страна на голем број субјекти, надлежни органи на државната власт, единиците на локална самоуправа, организации и институции, јавни претпријатија и установи и слично. За поздравување е и што предлагачот предвидува изработка на извештаи за степенот на спроведување на националниот еколошки акционен план. Единствената моја забелешка во овој контекст се однесува на предвидениот десетгодишен период за

донесување на националниот акционен план. За да не дојдеме во ситуација да изработуваме нови НЕАПИ, сметам дека е пожелно, при самата изработка на НЕАП-от, да се изнајде и воспостави механизам за негово континуирано ревидирање и надополнување. Евентуално, доколку претходното не е можно, би требало да се размислува околу намалување на временскиот период дефиниран со законот. Затоа, би сакал да му сугерирам на предлагачот да го земе предвид и ова при изготвувањето на Предлог-законот.

Седмо, оценување на влијанието на определени планови, стратегии и програми врз животната средина е за да се обезбеди последиците по животната средина од разни стратегии, планови и програми кои се усвојуваат од државните или органите на локалната самоуправа, да бидат предвидени пред нивното усвојување, а воедно и да бидат предложени мерки за нивно намалување, што секако е позитивен исчекор во оваа сфера. Исто така, од особена важност е што законот предвидува можност јавноста да го даде своето мислење за таквите документи.

Осмо, А и Б интегрираните еколошки дозволи како и изработката на оперативни планови за усогласување на постоечките инсталации за кои е потребна А и Б интегрирана еколошка дозвола. Главата за оперативни планови ја сметам како најзначајна за стопанскиот сектор на Република Македонија. Решението што е дадено за постепено решавање и утврдување на роковите за усогласување со нормите и стандардите за животната средина одговара на економската состојба на Република Македонија. Сметам дека рокот од десет години е доволен период во кој може да се извршат потребните усогласувања, а посебно се согласувам што во критериумите за определување на рокот е ставен социјалниот момент и степенот на загадување. Воедно, рокот преставува и потврда на рокот од 10 години утврден во Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во кој Република Македонија треба да ги исполни сите обврски преземени во истата. Заради исполнување на оваа обврска, предлагачот треба во своите идни активности да предвиди мерки и начини за поддршка на стопанските субјекти, со цел усогласување на нивното работење со нормите на животната средина.

И деветто, Агенција за животна средина, сметам дека нејзините надлежности исклучиво треба да бидат поврзани со стручните работи во животната средина, како што е дадено во законот. Фондот за животна средина мислам дека во значителна мера може да придонесе кон зајакнување на капацитетите на министерството, особено заради можноста од соодветно насочување на финансиите во оваа сфера. Уште со првиот проект на Европската унија за зајакнување на

капацитетите на Министерството, се изработи финален извештај, со кој се препорача формирање на независни Фонд и Агенција за животна средина.

Имплементацијата на донесените закони во најголема мерка зависи од обезбедените извори на финансиски средства. Проблемот за непостоење на финансиска основа за реализација на предвидените решенија и активности, бара подетално разработување. Главата Финансирање е скоро целосно преземена од стариот закон и не соодветствува на предвидените законски решенија кои треба да се имплементираат во пракса. Ценам дека финансиите треба целосно да бидат разработени и опфатени во посебна глава, бидејќи сметам дека се потребни значителни финансиски средства за целосна примена на овој закон во практиката. Но, добра страна е што одредени одредби, предлагачот предвидел да се применат од 2008 година, за кој период се претпоставува дека ќе биде доволен за да се дефинираат начините за обезбедување на потребните финансиски средства за целосна примена на одредбите од овој закон .

Во делот на надзорот, законот не ја зема предвид во доволна мера Препораката на Европскиот Парламент и Советот на Европа, за обезбедување минумум критериуми за инспекциите за животна средина, кое иако не е директива има огромна важност. Оваа Препорака е основа за секоја инспекција и земјите-членки на Унијата, и новите членки обрнуваат големо внимание на нејзината имплементација, па затоа, за наредната фаза, би препорачал истата да биде земена во предвид.

Со казнените одредби не се покриени сите членови од законот кои утврдуваат обврски за правните и физичките лица. Сметам дека и оние казни кои се пропишани, се ниски и дека тоа би можело да резултира со неисполнување на обврските проеизлезени од одредбите. Во овој контекс мое мислење е дека предлагачот ова треба да го земе во предвид во втората фаза од изготвувањето на овој закон.

Во процесот на транспонирање на директивите, дадена е рамката, а предлагачот предвидува уредување на детали со голем број подзаконски акти околу 30-тина. Во колку остане така, голем е ризикот правилниците да не бидат донесени во догледно време. Затоа, сметам дека е потребно дефинирање на временски рокови во кои ќе бидат донесени некои од подзаконските акти. Мислам дека рокот наведен во преодните и завршни одредби, е нереален, бидејќи верувам дека една година не е доволна за донесување на вака големиот број на правилници. Моето мислење го темелам врз фактот дека и во стариот закон се предвидуваше

донесување на  подзаконски акти, но не сите и до ден денес се донесоа. Но, доколку министерството има капацитет за тоа, можам да кажам дека  тоа е одлично.

Поради фактот што се работи за обемен закон кој внесува нови поими и обврски за правните и физичките лица, како и донесување на подзаконски акти, што наметнува потреба од пообемно запознавање на јавноста со новите обврски, предлагам влегувањето во сила на законот да биде најмалку три месеца од денот на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Почитувани пратеници, животната средина и просторот, во одреден временски период можат привремено или трајно да ја определат насоката на човековите активности и обемот и начинот на користење на природните ресурси. Наша задача е да ги идентификуваме негативните влијанија и истите да ги спречиме или ублажиме до прифатливо ниво. Заштитата и унапредувањето на животната средина може да се заокружи доследно и квалитетно единствено со  изготвување на Национална стратегија за одржлив развој. Одржливиот развој, чија  крајна цел е подобрување на квалитетот на севкупното живеење,  меѓу другото, подразбира и заштита на животната средина, одржливо користење на природните ресурси, како и зачувување и унапредување на  природните и културните вредности. Парадигмата на одржливиот развој доживеа меѓународна афирмација на Конференцијата за животната средина и развој на Обединетите нации, одржана во Рио во 1992 година, а со усвојувањето на Декларацијата од Рио, се институционализира концептот на одржливиот развој, кој мора да се темели на усогласеност помеѓу барањата на животната средина, посакуваниот економски развој и социјалната благосостојба, имајќи ги предвид демографските аспекти.  Политиката за заштита на животната средина  треба да биде интегрален дел на економските и социјалните секторски политики, стратегии, планови и програми.

Одредница на основната концепција на Националната стратегија за одржлив развој на Република Македонија, треба да биде Стратегијата за одржлив развој на Европската Унија.

Националната стратегија за одржлив развој на Република Македонија треба да биде обединувачки стратешки документ кој ќе ја  декларира Република Македонија како рамноправен учесник и чинител во креирањето на глобалните еколошки политики. Таа  ќе ја легитимира земјата и како држава чија определба е следење на  политиката на Европската униија.

Би го завршил моето излагање цитирајќи го  Романо Проди, кој пред Европскиот парламент во Стразбур, во мај 2001-та година, а по повод усвојувањето

на Стратегијата за одржлив развој на Европската Унија, рекол: ″Одржливиот развој е фундаментална цел на Европската Унија. Овој концепт е една од главните цели за европската интеграција″, а на Македонија целта и е европската интеграција.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам.

Збор има господинот Андна Ќахил, повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, почитувани пратеници,

Денеска имаме Предлог за донесување закон за животна средина и други закони кои се од обласа на животна средина и ќе се согласам со претходниот дискутант дека влез во Европската унија, покрај другите работи што ние треба да ги направиме, мораме да работиме во правец на подобрување на сите можни елементи во врска со животната средина. Без тоа, без таков приоритет, сигурно Европската унија нема да не прими, најблаго речено.

Јас ќе дадам неколку коментари во однос на сите пет закони, иако за другите закони посебно ќе се осврнам. Би сакал да кажам во врска со овој Предлог закон, се мисли за животна средина. Овој закон во целина е добар закон и претставува континуитет во она што се вели изградба на систем на закон и донесување на закони кои почнале некогаш, ќе треба сега да се направи и верувам дека нема да престане и ќе биде и во иднина. Јас, ќе дозволите, не би сакал да дискутирам на она што моите колеги и претходно кажаа, но малку ќе се осврнам критички во врска со некои точки, членови, се со цел, да не бидам погрешно сфатен, тоа е во правец на имплементирање на корекција на овој закон, бидејќи како што кажав многу е важно и на позицијата и на опозицијата и на сите на граѓани, бидејќи сите го дишеме овој воздух, сите пиеме од таа вода, сите сме за здрава животна средина, бидејќи тука нема политички бои, политички одвојувања и мораме апсолутно сите заедно да работиме во овој правец.

Имено, би почнал со тоа дека политиката на ВМРО-ДПМНЕ и останатите партнери во тогашната влада, во делот на заштитата на животната средина и природата, јасно беше дефинирана и реализирана за време на мандатот на таа влада. Имено, поточно, за прв пат се формираше и Министерството за

животна средина. Се започна со реализација на голем број проекти, кои во основа беа насочени кон решавање на големите еколошки жаришта во Република Македонија. Изготвувување на извештаи за состојбите за животната средина, проектна документација, како и дефинирање на позицијата на Република Македонија во делот на процесот на приближување до Европската унија и хармонизација на нашето законодавство. Значи, во овој правец, кажувам што беше, што треба да направиме и очигледно дека овој правец, добро е што се движиме во овој правец, тоа е она правото.

Во рамките на проектите од ФАРЕ програмата се започнува со процесот на хармонизација на нашето законодавство, со она на Европската унија, во рамки на ФАРЕ сескторската оперативна програма во 1999 година. Беа одобрени два милиони евра, мислам во тогашна сума марки, за хармонизација на нашето законодавство и изготвување на пакет закони и тоа предлог закони за животна средина, предлог закон за природата, предлог закон за води, предлог закон за отпад и во соработка со Гетезе, како донација од Германија, беа обезбедени средства за изготвување на предлог законот за квалитет на воздухот.

Во рамките на КАРТ програмата, која како замена на ФАРЕ програмата, како главни приоритети ги дефиниравме изготвување на нов национален еколошки план за животна средина, како и продолжување со изготвување на закони.

Односот кон заштитата на животна средина јасно го дефиниравме и во Спогодбата за стабилизација и асоцијација, пред се, во членот 103, но и во уште неколку други членови. Значи, основата и приоритетните закони беа одредени и јасно дефинирани и за очекување беше да се добие материјал, кој по содржина ќе биде добро систематизиран, јасно и прецизно дефиниран. Но, за жал, ние пред нас имаме Предлог закон кој во себе содржи голем број недефинирани состојби, неусогласености на одредени членови во самите закони недоволно објаснети поими или состојби, кои можат да се уредат и со друг закон. Понатаму, во одредени делови постои неусогласеност и за Законот за организација на органите на државната управа, недефинирани надлежности и друго. Но, сепак она што е битно, добро е што ова е само прва фаза и дека постојат можности да се интервенира во самите текстови на законите. Очигледно и мојата дискусија е во таа насока. Значи, никако да се свати дека критикуваме заради критика, туку критикуваме за да се подобри текстот на законот, да се направи навистина еден закон кој ќе биде компактибилен

со законите на Европската унија, едноставно, да бидеме можеби пример како треба тоа да се преточи во стварноста.

Предлог законите треба да добијат поддршка, пред се, дека се дел од почетна хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, започнато во наш мандат и продолжува очигледно сега, но во функција на квалитетни закони, нашите забелешки ќе се земат предвид при изготвување на втората фаза. Генерални забелешки кои се однесуваат на сите предложени закони, такви се и следните забелешки во однос на Законот за животна средина, важат и за другите предлог закони во принцип.

Донесувањето на нов закон за животна средина треба да го замени постојниот закон за заштита и унапредување на животната средина и природата и до очекување да се донесе поквалитетен закон, со јасно дефинирани односи во животната средина, терминолошки да биде прецизно дефиниран, местото и улогата на надлежностите во оваа свера да е јасно и слично. Но, за жал, пред нас имаме закон на  недоволно дефинирани состојби, неусогласеност  на одредени членови во самиот закон, недоволно објаснети поими или состојби, кои можат да се уредат со друг закон, кој претходно го спомнав, се однесува само на овој закон.

Во делот за општи одредби постои неусогласеност на член 2 со член 5. Во делот на дефинирање на природното богатство. На пример, во член 2 став 1, ред 3 стои: “и други природни богатства”, а во член 5 јасно е дефинирано што се подразбира под природно богатство. Законот изобилува со низа недоречености и недефинирани состојби и тоа пример во член 5, каде што треба да се објаснат дефинициите најнапред, претставникот на Владата да ја дообјасни дефиницијата за животна средина, бидејќи е конфузна и недоволно јасна. Да објасни што подразбира под поимот “создадени вредности” зашто, сепак се работи за доста широк поим, а во текстот на законот за него нема објаснување, како што има други поими, како пример “значајна промена”. Засегната јавност, значи за примена на “значајна промена”, се мисли на засегнатата јавност итн. Претпоставуваме дека се работи за вештачки езера и слично.

Понатаму постои неусогласеност и меѓусебна недефинираност помеѓу термините “природно богатство” и “природно наследство”. Факт е дека постои во одреден сегмент дуплирање на дефинициите, но и вакум на состојби. Така, со дефиницијата на “природно наследство”, кое во суштина не одговара во описот на тоа што претставува”природно наследство”, каде посебниот и исклучително важниот дел од природно богатство е “природно наследство”. Постоио недореченост во

делот на односите во природата. Дали значи дека сето останато во природата што не е во под категорија на заштита, не спаѓа во природно наследство, туку во вид на наследство. Тоа треба да се додефинира.

Предлог е да се воведе нова категорија на посебно природно богатство, на местото на природното наследство. Природното наследство да се редефинира и да се добие повоопштена т.н. генерална дефиниција. За потсетување, во изминатиот период беше изготвен и Предлго закон за заштита на посебното природно богатство, кое ги помина сите фази, вклучувајќи ја собраниската комисиска расправа, каде сите политички партии дадоа поддршка на овој закон и беше на дневен ред на неколку седници на Собранието. Но за жал, рамковните закони и дискусиите по нив не дозволија временски да се донесе овој закон. Оттука, зачудува фактот што Министерството за животна средина ги има сите овие документи, а дел од носителите на раководните функции беа и дел од собранискиот состав тогаш, актуелниот државен секретар Кирил Настевски, во составот на Собранието беше пратеник и член на Комисијата за екологија млади и спорт. Сето ова требаше да се унапреди, да се имплементира на тој начин.

Во овој сегмент постои неусогласеност и со Предлогот за донесување на закон за природата. Во начелата за заштита на животна средина, на пример, во член 6 имаме дефинирана состојба висок степен на заштита на животна средина и животот на здравјето на луѓето. Што значи тоа висок степен на заштита, како се одредува степенот, дали се остава простор некој во нечие име да одредува или во даден момент тоа што ќе биде приоритет, нешто да биде важно, а во друг дел, во друго време, значи во друг определен временски период да не биде важно. Кој го определува тоа? Очигледно е дека треба да има објективни критериуми за таквата определба. Во член 23 не е доволно објаснето за ограничувањето на правата на сопственост во врска со животната средина. Потребно е овој член да се дообјасни, за да може во фазата на имплементација да нема судири во делот на приватноста и другата сопственост. Тоа особено треба да се има предвид, затоа што во ваков транзиционен период, можеби е ненамерно ќе се направи таква грешка, каде што ќе има испреплетување на тие надлежности и проблеми кои што и ден денеска ги имаме.

Во член 43 околу правење на извештаи за состојбите за животна средина од предвидените на секои три години да се изготвува извештај, да се изготвува за секоја година.

Во член 44 околу исвствувањето на Европската унија, содржината на текстот на членот е поширока и треба да стои, на меѓународни институции и организации, Европска унија, ОН и други. Тоа мислам дека е посоодветно.

Во член 46, фондации, се работи за непотребен дел од законот кога местото и улогата на фондациите е јасно дефинирана со закон на здруженија на граѓани и фондации. Овој закон се однесува и на фондациите од сите области, вклучувајќи го и делот на животната средина. Потребно е да се објасни, пред се од Владата, која е поентата да се дефинира фондација во овој закон, која е дефинирана со друг.

Во член 54, во делот на информирањето, пред се, доставувањето на барани податоци, на пример доколку барате некоја информација за состојбата за животната средина на некое место, согласно со овој член можете да бидете одбиени, ако вашето барање е неразумно. Кој е тој што треба да констатира дека е очигледно неразумно. Што е очигледно неразумно, мислам дека е многу повоопштена дефиниција.

Во член 62 околу содржината на национален еколошки акционен план, нема, недостасуваат цели сегменти, економските, правните, енергетските, демографските и други, што не би сакал да елаборирам детално, но мислам дека треба да се фрли акцент врз основа на овие сегменти и да се доработат некои рабоит.

Од член 64 до член 92, делот на оцени на влијание на животна средина може да се уреди со посебен закон. На таков закон се работеше во наш мандат. Статусот на Фондот за животна средина е дефиниран со Законот за организација на орган на државна управа, член 66 и не е веќе фонд за заштита на животната средина и природата. Во делот на надзорот, делот на Државниот инспекторат за животна средина да се дообработи во делот на јасните и стручни надлежности по медиуми на инспекторите.

На крај, за овој дел во заврши и преодни одредби ни се кажува дека речиси пола закон ќе важи од 01.01.2008 година. Можеби за некои сегменти, како што рече г. Тромбев, тоа е можеби добар период, но за некои сегменти каде што мораме да бидеме имплементирани во законодавството и регулативите на Европската унија, мислам дека тоа е многу широк временски интервал. Мислам дека треба да се направи јасна дисктинција кои делови и како може да се избегне тој дел.

Она што јас би сакал да потенцирам понатаму, а го кажаа моите претходници, во врска со едукацијата и образованието и континуитетот во врска со

економијата. Мислам дека тука мораме да ги издефинираме законите, иако можеби не е местото тука во овој закон, но добро е на некој начин да се дефинира, затоа што во нашиот образовен систем местото на екологијата како предмет, како наука многу се става на маргините на настаните. Мислам дека тоа е недозволиво, заради тоа што ние во сите наши дефиниции и сите наши законски решенија, имаме приоритет во овие закони. Ако имаме приоритет во овие закони, како тоа да нема приоритет во образованието, каде што ќе црпиме можно кадри за утре во овие системи каде што ние ги предвидуваме. Очигледно, дека треба да се направи јасна дисктинција во однос на она кои се принадлежностите кои ги има министерството и другите министерства и мислам дека тука лежи суштината, можеби јас тоа ќе го дискутирав, но го повлековте законот за водите и на Комисијата тоа го кажав, дека можеби формирањето на агенција за животна средина, можеби ќе ги спои сите овие можни елементи во една, каде што мешањето на ингеренциите на разни министерства, интерресорски групи, впрочем, тоа јас кога бев министер често пати се случуваше, па тој има надлежност, овој има надлежност, тука често пати се мешаат надлежностите на министерот за економија, за животна средина и финансии, кој ќе даде дозвола, кој ќе направи тоа, зошто е тоа така, кој треба да се потпише или кој нема да се потпише. А, знаете, тука и во Предлог законот често пати провејува дека мораме многу брзо да интервенираме во однос на еколошките проблеми. Ако се чека тоа, а при надлежноста, на пример за водите, ќе спомнам тука каде што при децентрализацијата, како што има фискална, па мора децентрализација и во однос на користењето на ресурсите, водите, а зошто не утре и на животната средина, каде што мораме да направиме едноставно дали реките течат во рамки на една општина, па користењето на реките, на водите и сите пречистителни станици. Може да се случи една прочистителна станица да биде во една општина, да тече во друга општина, чакалот да се користи од другата општина, па отпадот во Тетово итн. Мешањето на ингеренции, мислам дека не треба да се дозволи да не се дефинира со овој закон. Мислам дека овој дел треба многу поподробно да се направи, бидејќи ингерензиите во тој случај ќе бидат на Агенцијата за животна средина, како би го крстиле во тој случај, и ќе имаме многу малку влијание на политиката, бидејќи Ќе се избегне фактот дека и тука често пати се напоменува дека Владата има ингеренции, Владата носи одлука и мислам дека барем во овој сегмент мораме да направиме јасна дисктинција со формирање на агенцијата за животна средина.

Во тој случај, не само при надлежностите во однос на формирањето или искористување на тие ресурси, туку едноставно програмите и приоритетите кои би требало на некој начин да влијаат во сверата на образованието, може оттука да се поттикнат со создавање на можеби независни студиски групи, на независни менаџери, независни луѓе, кои едноставно нека произлегуваат од овој систем, кои ќе бидат водачи на новата еколошка свест во Република Македонија. Врочем, затоа и го правиме овој закон токму тоа да биде и на повисоко ниво.

На крај, само би кажал неколку работи кои тука на некој начин се дефинирани во дефинициите во член 5, штетна супстанца, загадување на животната средина, загадувач каде што сакам да укажам дека дефинициите не треба толку во крајност да одат и дека не можат да дефинираат некои работи. Еве, на пример, штетна супстанца е онаа супстанца чие својсво е опасно за човековото здравје и за животната средина. А, што ќе правиме со супстанците кои се произведуваат, кои директно не се штетни, но произведуваат штетни ефекти. Тие не се дефинирани тука, како нив ќе ги третираме. Или, на пример, за загадувачите, секое правно или физичко лице што дејствува посредно или непосредно предизвикува загадена средина. Што ќе се случи ако имаме некоја елементарна непогода, која е загадувач од трето лице. Или, ќе се случи некоја катастрофа, па доаѓа до пукнатини, ерозија или испуштање на гасови од земјата итн. Дали тоа е загадувач или не е загадувач и на кој начин тоа ќе се решава. Токму во тој случај агенцијата ќе има принадлежности со кои ќе реарига благовремено. Или пак, загадување на животна средина исто се дефинира кој загадува и проислегува дека загадувањето само произлегува од човековите десјтвија. Што со дејствијата што не се од човекот. Дали тие се загадувачи и на кој начин ќе се третираат тие работи. Мислам дека сите овие недостатоци би требало да се имаат предвид и на некој начин да се имплементира овој закон, иако не очекувам и не е за очекување дека би добиле идеален закон кој во иднина не треба да претрпи измени. Но, колку направиме во оваа фаза подобар закон за примена на стандардите за заштита на животната средина, во тој случај ние ќе имаме подобар пристап во сите фондови во Европската унија, токму кои се наменети за оваа работа. Инаку, тие фондови секогаш се достапни, но ќе се сложите дека за да од тие фондови ги земеме тие пари, мораме да имаме квалитетни програми, квалитетни закони, примена на тие закони, примена на тие програми, но не да се случи да имаме само закони кои ќе бидат слово на хартија, а не можат да се применат поради икс причини, заради тоа што немаме доволно дефинирани

законски состојби или закони кои ќе помогнат за имплементирањето за овој закон за животна средина.

На крај би завршил со тоа, со напомена дека сите овие сугестии би требало да сметаме дека сме во насока на подобрување на тој закон и како критика, да не биде само критика, едноставно ние ќе го поддржиме, јас ќе гласам за овој закон, бидејќи се работи за закон во прва фаза и верувам дека во останатите фази ќе соработуваме во комисиите и пошироко, се со цел да имаме поквалитететн закон во врска со животна средин.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Почитувани колеги,

Како член на Комисијата присуствував на една комисиска расправа и на комисиска седница која што беше најплдотворна барем досега во ова мое парламентарно работење. Беа присутни повеќе од 30 експерти. Се говореше повеќе од 6 часа, ако не и повеќе, имаше огромен број на забелешки, но целта на сите што бевме присутни беше една и единствена да се донесе еден закон, кој што закон за животна средина, ќе донесе за сите насм да бидеме многу поблиску до Европската унија.

Во однос на она што значеше текст на законот и она што значи законски решенија предложени во оваа прва фаза, јас би имал неколку забелешки кои би сакал сега да ги изнесам. Мислам дека Комисијата и Министерството за екологија ќе гиземе предвид, така што во наредната фаза ќе можеме да ги видиме вградени во овој закон што ќе ни биде доставен. Значи, забелешките се од два аспекти. Едниот е од правна гледна точка и другото чисто стручно и професионално, со луѓе кои што се занимаваат со овие работи, кои што ги знаат малку повеќе од нас.

Во Република Македонија базичен пропис со кој е регулирана областа животна средина е Законот за заштита и унапредување на животната средина, како и неколку меѓународни договори ратификувани од страна на Република Македонија. Овој предлог за донесување закон за животната средина од правен аспект е преобемен, недоволно правно прецизиран во одредбите, не содржи императивни

одредби кои на јасен и недвосмислен начин би ја отслкувале состојбата во областа на животната средина, со препишана терминологија, односно преведена од директивите на Европската унија. Заради недостапната терминологија на предложениот текст, истиот доколку не се измени во следната фаза ќе биде неспроведлив во пракса, не компактибилен на постојните состојби на животната средина во Република Македонија. Ова од причини што предложениот текст не содржи применливи решенија, туку истиот е полн само со теоретски клаузули. Бидејќи, во овој предлог за донесување на закон за животна средина во пакет треба да се донесат уште неколку законски проекти, законот за водите, законот за заштита на природата, законот за квалитет на воздухот, потребно е во следните фази да се корегира предложениот текст и да се усогласи со постојната правна регулатива. Од правна гледна точка, она што паѓа во очи од предложениот текст е сложената постапка и административна процедура околу прибавување на потребните дозволи и други документи, согласно законот, значи поедноставување на постапката за добивање на потребната документација. Исто така предложениот текст е преобемен и преоптоварен со законски одредби. Но, она што се забележува дека истиот за да се имплементира е потребно да се донесат многу односно премногу околу 3о подзаконски акти. Заради тие причини законот ќе биде долго време неприменлив во праксата, што би значело само едно голо право на хартија. Заради овој факт, нашата стратешка определба за пристапување во Европската унија ќе биде доведена во прашање, односно ќе биде во фаза на одоговлечување, бидејќи оваа област, животната средина на една држава за Европската унија е една од најбитните области кои треба да бидат добро уредени со прецизни и концизни закони. Само еден пример. Во предложениот текст има неколку нови термини, како што е во член 149, домино ефект, кој во член 5 кој ги дефинира одделните изрази употребени од законот, треба да биде објаснет, односно да биде објаснето нивното значење.

Исто така, бидејќи во областа животна средина, надлежности има и Владата на Република Македонија преку Министерството за животна средина и просторно планирање и единиците на локалната самоуправа, потребно е јасно и децидно разграничување на надлежностите на државата и на локалната самоуправа.

Ова од причини како не би дошло до преклопување на нивните компетенции со можност да се развива процесот на децентрализација.

Националниот акционен план за животна средина на Република Македонија и локалниот акционен план за животна средина, како плански документи, се

предвидени да се донесат за период од 10 години, кој рок е многу долг и треба да се скрати, што би била основна задача на ресорното министерство.

Со казнените одредби не се опфатени сите членови од Законот дали, се утврдени обврските за правните и физичките лица, а казнената политика не е адекватна односно казните се ниски.

На крајот, во преодните и завршни одредби да се предвидат роковите за сите документи и сите подзаконски акти што треба да бидат донесени согласно со овој закон.

Тоа се забелешките од правен аспект што се однесуваат на овој закон. А, забелешките што ги дадоа забелешките директно инволвирани во оваа проблематика се конкретни и говорат за суштински недостатоци.

Во досегашната практика од следење на емисите од страна на сопствениците загадувачите или корисниците на инсталации, не постојат следења и тоа е решено со инсталирање на меѓународни мрежи на станици за мерење за над дозволеното загадување, национални мрежи, регионални мрежи, локални мрежи, стационарни или базични мерења, мобилни и подвижни мерења.

Во изготвувањето на законот се спомнува некаква европска директива за постоење на ваков вид на мерење но во законот тоа изостанува.

Во член 46 каде се зборува околу финансирањето на формираните фондации предлагачот предвидува финансирањето да се заокружи со актот на формирање. Нашата забелешка е да се финансираат во постоечкиот закон за фондации, и здруженија на граѓани. Според законските директиви на Европа, националниот систем за мониторинг на човековата средина треба да содржи национален систем за мониторинг на околината треба да ја опофаќа целата територија на државата. Националниот систем за мониторинг на околината треба да содржи:

1. Мониторинг на атмосферскиот воздух,
2. Мониторинг на врнежните води,
3. Мониторинг на подземните води,
4. Мониторигн на езерските води,
5. Мониторинг на речните води,
6. Мониторинг на геолошката средина,
7. Мониторинг на земјиштето и почвата,
8. Мониторинг на шумите и националните паркови,
9. Мониторинг на биологијата,
10. Радиологичен мониторинг,

11. Мониторигн на загадување на шумите и околната средина и под

12. Мониторинг на депониите и старите загадувања на отпадоците, во кој што би спаѓале контролно информационен систем за емисиите во воздухот и состојбата на отпадните води, националните, регионалните и локалните мрежи се проектираат спрема меѓунартодните и Европските стандарди и национален автоматизиран систем за мониторинг на човечката околина на целата територија на Република Македонија .

И најголемите недостатоци на Предлогот на законот што не ги третира и поимитеј од суштенско значење како што се: екологизација на производството, екологизирано производство, еколошка група, еколошка ефикасност, еколошка индустрија или еко-индустрија, еколошка карта, еколошка информација, еколошка инфраструктура, еколошка клима, еколошка криза и други изрази.

Значи, во овој Предлог закон изготвувачот не е докрај прилагоден на Европските нормативи и директиви, дали од тоа што можеби имаше и премногу обемни активности во однос на другите членови, но во овој дел од екологијата, мислам дека треба да се најде начин, да се вклучат и да се вградат и да се донесат најдобрите проблеми во однос на еколошките проблеми што ЕУ многу добро ги третира.

Еве, тоа се моите накратко забелешки во однос на Предлог-законот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Дали некој друг бара збор?

Заменик министерот за животна средина.

Повелете.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Јас би сакал, немам намера да коментирам, бидејќи се ова е дел на фаза како што кажаа и пратениците кога со своите забелешки, предлози и сугестии, се само во цел и со намера да се законските предлози подобрат, всушмост и деншната расправа како и расправите кои што ги водевме во парламентарните гурпи покажаа дека Парламентот навистина на овој закон и приоѓа со најголема сериозност и од таа голема сериозност ценам дека и произлегува една ваква плодна расправа денеска по законите.

Можам со сигурност да кажам дека добар дел од оние прдлози кои што беа денеска укажувани ќе бидат сериозно разгледани и добар дел од нивните предлози,

длабоко сум убеден ќе бидат и вградени во завршниот текст во законот. Пред се, сакам да кажам, дека во делот на она што значи, регулатива, финансирање, секако дека предлозите кои што доаѓаат и поддршката што ни ја дава парламентот само ќе направи, ќе не охрабри, да на оваа проблематика навистина бидеме што е можно поконкретни, и да бидеме што е можно овај подецидни за да навистина ефектот околу финансирање за реализирањето за една ваква голема програма биде што е можно поголем.

Би сакал само да укажам на едно прашање бидејќи ова се работи за пакет на закони од животната средина за нивното спроведување, точно е дека е потребно над 30 подзаконски акти и прописи, но за ваше информирање веќе се во тек нивната припрема и токму затоа рокот кој што е даден е навистина доста краток, е токму во насока да она што и денеска пратениците го укажуваат да биде имплементирано во наредниот период.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарма, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот, и пред да одиме со заклучок, јас ве молам, сите колеги пратеници, што се наоѓате во Собранието да влезете во собраниската сала за да можеме да пристапиме кон гласање на текстот на законот.

Во меѓувреме на Собранието ќе го прочитам заклучокот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за животна средина;
2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија ,
3. Овој заклучок, заедносо извештаите на работните тела и стенографските забелешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да е достави ди Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Пред да одиме на гласање јас уште еднаш ги повикувам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во Собраниската сала за да можеме и да имаме квалификувано гласање.

Ги молам пратениците што се наоѓаат во Собранието или во близина на Собранието да влезат за да можеме да пристапиме кон гласање.

Голем број пратеници веќе се упатени кон салата така што да имаме трпение малку па да ги дочекаме.

А во меѓувреме би ги замолила службите да го утврдат бројот на пратениците во собраниската сала.

Веќе имеме обезбедено кворум, јас ве повикувам да гласаме за предложениот заклучок.

Гласале 60 пратеници, сите 60 за.

Јас ги молам службите да го утврдат уште еднаш присуството на пратениците.

Присутните 63 значи резултатот е тој што веќе го кажав.

Консттирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 21-та точка, Предлог за донесување на закон за заштита на природата.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор?

г-дин Аднан Ќахил.

Повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам.

Предлог за донесување на закон за заштита на природата, како и коментарот за Предлогот за донесување на законот за животна средина, коментар е дека очекуваме да имаме закон со јасно дефинирани односи во природата, терминолошки да биде прецизно дефиниран, местото и улогата на надлежностите во оваа сфера да е јасна и слично.

За жал, пред нас имаме закон на недоволно дефинирани состојби, неусогласеност на одредени членови по самиот закон, но и со предлозите на другите закони кои ни се во паќет, потоа недоволно објаснети поими или состојби, кои може да се уредат и за другит закони и слично.

Во делот на дефиниции и постои целосна неусогласеност на одредени дефиниции со основниот предлог за донесување на закон за животна средина пример за терминот природно богатство кој што претходно го кажав.

Со овој закон е дефинирано дека природно богатство е секој изворен составен дел на природата како растенија, габи, животни минерали, фосили, вода почва итн., дека во основниот Предлог закон гласи дека природни богататства се почвата водите, воздухот, минерални суровини и биолошка разновидност. Очигледна диспропорција во дефинициите.

Понатаму, постои неусогласеност и меѓусебна недефинираност помеѓу термините природно богатство и природно наследство. Факт е дека постои во одреден сегмент дуплирање на дефиниците но и вакум на состојбите. Така со дефиницијата на природно наследство која во суштина не одговара во описот на тоа што претставува природно наследство, каде посебниот и исклучително важниот дел од природно богатство е природно наследство. Постои недореченост во делот на односите во природата. Дали значи дека сето останато од природата, што не е под категорија на заштита не спаѓа во природно наследство, туку во друг вид на наследства.

Предлогот е да се воведе нова категорија на посебно природно богатство,. на местото на природно наследство. Природното наследство да се редефинира и да добие поопширна така наречена генерална дефиниција.

За потсетување во изминатиот период беше изготвен и предлог на закон за заштита на посебното природно богатство, што ги помина сите фази, вклучувајќи ја и собраниската комисиска расправа каде сите политички партии дадоа поддршка на овој закон и беше на дневен ред на неколку седници на Собранието. Но, за жал, како што кажав претходно и за другиот закон, за заштита на животната средина, рамковен закон и дискусиите по нив не дозволија временски да се донесе овој закон.

Оттука, зачудува фактот што министерот за животна средина ги има сите документи, а дел од носителите на раководните функции, како што е г-динот Настевски, кој знаеше и требаше да ги има предвид. Би сакал министерот подробно да објасни што значи дефиницијата “еколошко значајно подрачје”. Каква е корелацијата за категоризацијата на заштитени подрачја, како предлог на овој закон. И, уште да ни даде дефиниција на терминот “екологија”. Како што имаме термин животна средина, природно богатство, би требало да постои објаснување и за терминот екологија, да биде внесена во делот на дефинициите. Значи, дел од некоја наука, посебна наука, вид на состојба, определени критериуми и слично.

Во делот на управувањето, потребно е покрај управувањето со националните паркови да се додефинира и управувањето со други категории, посебно со делот на строгите природни резервати, како највисока категорија на заштита и спомениците

на природата. Бараме министерот да ја објасни заштитата на трите природни езера, Охридското, Преспанското и Дојранското што не се воопшто спомнати во овој закон, освен во делот на езерата како дел од спомениците на природата во членот 76. Додека со членот 188 се предвидува укинување на постојниот Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро и идно уредување со пропис што треба да се донесе во рок од една година по донесување на овој закон за природата.

Кога сме кај делот на управување со националните паркови, сеј формира јавна установа што на некој начин поттекнува од досегашните, јавни претпријатија. Се има претстава дека се работи за стереотипен приод што, согласно на гломазноста на законот и процедурите може да влијае на поефикасна заштита на националните паркови.

Дали ви е познато дека  со формирање на управа за природа како стручен орган во состав на Министерството потребно е да се измени и Законот за организација на органите на управа што се носат  со двотретинско мнозинсто? Да не се доведеме во некој правен ќорсокак што попрво да се донесе и да имаме вакум во имплементација на законите  што се важни за оваа категорија.

Во делот на инспекцискиот надзор се воведуваат инспектори во рамките на Управата за заштита на природата кои се надвор од Државниот инспекторат. И во овој дел не постои корелација и усогласеност со Предлогот за донесување на закон за животна средина.

За крај, во членот 183 се вели дека  зоолошите градини во Скопје и Битола во рок од една година ќе преимнат во надлежност на Скопје и Битола. Мислам дека тоа е веќе сторено со Законот за култура, бидејќи тие беа како институции во рамките на Министерството за култура.

Овие неколку забелешки во врска со Законот за заштита на природата би требало да ги земете предвид, и како што веќе беше напоменато во врска со претходниот закон, сите овие забелешки се во функција на доработување и допрецизирање на ситуации кои се предвидени со Законот, односно да се подобри законскиот текст во однос на Законот за заштита на природата. Во спротивно, ако не се дефинираат овие работи и добро е што ова е прва фаза, во тој случај за некои ситуации ќе има испреплетување на надлежностите и не ќе имаме ефикасна ситуација, односно има моменти каде треба брзо и ефикасно да реагираме. Ако не се земат предвид забелешките, со ваквите решенија ќе имаме дисхармонија и едноставно не ќе можеме да делуваме во некои свери.

Мислам дека предлагачот треба да ги земе предвид овие наши сугестии во однос на конретните членови кои произлегуваат од Законот за природа и сето тоа да биде во правец и функција на подобрување на Законот за заштита на природата, кој оди во пакет со другите закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Цветле Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Почитувана г-ѓо потпретседател, колеги пратеинци, претставници на Влада,

Верувам дека ќе се согласите дека денес разгледуваме еден есенцијален пакет закони кои регулираат една значајна и комплексна материја од заштитата на природното богатство, растителниот и животинскиот свет, односно добрата од општ интерес пред се за здравјето и животот на граѓаните на сегашните наши и идни поколенија.

Нашата земја, иако мала по својата територија , но со својата централна географска положба на Балканот и хетерогените климатски услови се карактеризира со едно извонредно богатство од природно создадени  комплексни еко системи, недопрени предели и вегетациска ранообразност постои и богатство на многу ендемични и реликтни видови во флората и фауната. Но со унапредување на цивилизациските текови на современиот начин на живеење се заканува опасност од се поголема деградација на природата. Со урбанизацијата и проширувањето на комплексните населени места полека но сигурно се уништуваат генетските ресурси на животинските и растителните видови. Преку развивањето на нивните живеалишта со рушителни активности се нарушува и природната рамнотежа на еко системите воопшто. Одтаму , силно се наметнува потреба од донесување на закон за заштита на природата, кој интегрирајќи ги целите од различните области на дејствување ќе услови и ќе го заштити целото природно богатство.

Овој закон пред се ја регулира биолошката разновидност, пределската разновидност и природното наследство, кои се во тесна врска со патот за зачувување на природните живеалишта и на дивата флора и фауна на територијата на Република Македонија .

За биолошката разновидност се утврдува  црвената листа и црвената книга на строго заштитени и заштитени диви видови. Во овој контекст, законот ќе го втемели во своите одредби принципот на соработка и развој на методите за спречување

деградација на природата и во насока на одржување на природната еколошка стабилност. Овој закон претендира во неговиот состав да претставува и основен закон за законите кои ќе го рагулираат користењето на природните богатства и при тоа да ја регулира и нивната заштита и нивниот одржлив развој.

Со овој закон ќе се трасира и концептот за економско и би рекла домаќинско одржливо користење на природните богатства во интерес на сегашниот и идниот развој без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природанта рамнотежа, односно обезбедување на што поповолни услови за развој и заштита на природата. Во оваа насока, радува фактото што законот предвидува и одредби со кои се спречува, но и казнуваат активности на физички и правни лица и нарушувања во природата кои се јавуваат како последица на технолошкиот развој и сето тоа во функција на највисоката и најприоритетна задача овој закон да го обезбеди правото на граѓаните за здрава животна средина. Остварувањето на овие цели се овозможува со низа системски регулирања во Законот за заштита на природата и во себе вклучуваат пред се следење на состојбата во природата, зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа, востановување мрежа на заштитени подрачја заради трајна заштита на својствата врз основа на кои го стекнале статусот на природно наследство.

Во контекст на овие нормативни регулативи сакам да го истакнам и принципот на јасна дистинкција во поглед на стручност, компетентност, како и децентрализација и деконцетрација на функции во институциите на системот. Имено, во Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно принципот на стручност и компетентност, заради спроведување на овој закон и активностите за заштита на природата се предвидува формирање на посебно правно лице, Управа за заштита на природата, како посебно стручно и административно тело. Носител пак на одговорностите во однос на сите преземени активности за заштита и управување со заштитените подрачјата е Министерството за животна средина и просторно планирање. На предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање Владата носи национална стратегија за заштита на природата и тоа за период од 20 години и тоа е еден стратегиски документ кој ги содржи долгорочно основите на политиката за заштита на природното богатство и природното наследство. Законот предвидува и основање на национален совет за заштита на природата како советодавно и координативно тело

на Владата на Република Македонија , заради следење, остварување и унапредување на заштитата и користење на природното богатство.

Понатаму, во овој правец сакам да го потврдам позитивно и фактот дека при подготвувањето на стратешките плански и програмски документи од страна на управите на државната власт, исто така и во единиците на локалната самоуправа кои би можеле да имаат значително влијание во нарушување на екологијата во природата, предвидено е да се изврши и оценка на влијанитето на мерките и активностите предвидени со овие стратегии, програми и планови. Во обласга на поврзувањето со другите законски регулативи, овој закон остварува едно тесно поврзување со Законот за животна средина. Со вакво поврзување овојзакон има за цел да создаде целосно правна рамка за заштита на животната средина и нејзините медиуми. При тоа, во степенувањето на општоста во правната рамка најнапред доаѓа законот за животна средина како општ рамковен закон кој ги регулира основните прашања, додека пак Законот за заштита на природата ги регулира спецификите што се однесуваат на заштита на природата, заштита на пределската разновидност, заштита на природното наследство во и вон заштитените подрачја и заштита на минералите и суровините.

Сакам делумно да ја искоментирам и состојбата со постојното законодавство од оваа свера. Би било неправично да не се каже дека и досега покрај одредбите во Уставот на Република Македонија кои се однесуваат на заштита на животната средина и особено на природата, постои нормативна материја за заштиа на природата која ја сочинуваат 50-тина прописи од различен вид како закони, меѓународни договори, уредби , прописи, одлуки и правилници. Но сите овие се карактеризираат со нивна неусогласеност со Уставниот и правниот систем на Република Македонија . Ова всушност е и една од основните причини заради кои се предлага донесување на закон за заштита на природата. Но постојат и други причини како: неусогласеност со други законски норми, непокриеност со директивите на Европското законодавство за заштита на средината. Се констатира и доредена отежната примена на постојното Законодавство во областа на заштита на природата, пред се поради неговата застареност и опширност на нормативната материја. Постојните заонски прописи се засноваат на општествен, правен и економски систем кој веќе е надминат во национална, но и во светска односно меѓународна смисла. Исто така, постои и промена во пристапот кон заштитата на природата, од заштита на природата преку развој до меѓународно прифатенинито

принцип за заштита на природата заради развој кој соодвествува на современиот интегриран и модерен пристап.

Конечно, причина за донесување на овој закон е и стратешката цел на Република Македонија за нејзиното интегрирање во ЕУ до достигнување на нејзино полноправно членство. Тоа условува, секако, обврски кои ги создадоа договорните инструменти за соработка, а најмногу Спогодбата за стабилизациа и асоцијација. Со нејзиното потпишувае, од тој ден се создаваат обврски за посебна соработка и хармонизација на законодавството, па и во областа на заштита на животната средина до исполнување на условите за полноправно членство.

Донесувањето на овој закон на некој начин претставува инструментализација на националната Програма за приближување на законодатството на Република Македонија кон она на ЕУ. Исто така овој закон претпоставува потреба од целосна имплементација на меѓународни договори ратификувани од страна на Република Македонија , директиви и конвенции.

Овде сакам да ја истакнам Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, донесена во Париз 1972 година, која претставува основа за заштита на природното и културно наследство, како подрачје со особени и универзални вредности, што претставува обврска на меѓународната заедница и овозможува трансфер на финансиска, стручна и техничка помош. Обврските на државите потписнички на оваа конвенција се однесуваат на утврдување, заштита и адекватна презентација и промоција на културното и природно наследство, кои се запишани во листата што ја води УНЕСКО. Македонија е страна во оваа конвенција по пат на сукцесија кон ратификацијата од СФРЈ од 1975 година. Ќе ја спомнам и Конвенцијата за заштита на пределот од 2003 година, која се темели на свеста дека квалитетот и разновидноста на пределот во Европа забрзано се намалува, што директно влијае врз квалитетот на животот на луѓето. Целта на оваа Конвенција да обезбеди хармонизација на политики и мерки за заштита, управување и планирање на пределот на локално, регионално, државно и меѓународно ниво, за да се зачува и унапреди квалитетот на пределите во Европа.

Поаѓајќи од сето ова напред што го изнесов, заклучувам дека оваа сложена проблематика со новиот закон за заштита на природата ќе се постави на сосема нови основи, усогласени со новиот општествен и правен систем, како и со оперативните потреби за заштита на природата. Воедно, овој закон ценам дека ќе овозможи Република Македонија да има еден кохерентен систем за заштита на

природата и регулатива која ќе биде компатибилна со утврдените меѓународни норми и стандарди.

Затоа, ќе дадам подршка од потребадата за донесување на овој закон за заштита на природата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Сосема на кратко ќе дадам само одредени сугестии и видувања за подобрување на текстот на законот, нормално доколку бидат прифатени од претставниците на ресорното министерство.

Во членот 6 каде што се дадени дефинициите во одредени точки, во точката 47 каде се дефинира поимот минерал, сметам дека треба да се додефинира или да се прифати една понова дефиниција каде што стои дека “минералот е природно хомогено тело во кристализирана и аморфна форма со постојан хемиски состав кој може да се изрази со хемиска формула” и со ова да заврши дефиницијата. По сите светски стандарди и норми тоа е дефиниција што значи минерал.

И во точката 48 -”фосил претставува остаток од животинско и растително потекло или воопшто со траги од живот од поранешните геолошки времиња кои се сочувани во карпите”.

Ова можам да го доставам до претставниците на ресорното министерство за донатамошното доработување на текстот.

Исто така, посебно сакам да го истакнам моето задоволство што предлагачите на законот ја предвиделе и можноста за постоење на геопарковите во членот 79 од овој Закон и би сакала само да додадам дека во рамките на активностите на УНЕСКО, поточно Интернационалната геолошка корелација како Интернационалната геолошка унија во своите активности веќе ги ставија активностите кои се поврзани со проблемите на геопарковите.

Исто така, да споменам дека  на 32-от Светски геолошки конгрес, кој оваа година се оджува во Италија, геопарковите заземаат посебно внимание во поглед на стратегиите за развој на одделни региони во светот. Сакам да постестам дека карпите, минералите и фосилите, морфологијата и панорамата претставуваат облици на интегрален дел на нашиот природен свет и земајќи предвид дека распростанетостата на растителниот и животинскиот свет што за Македонија е од

исклучителна важност, не зависат само од климатските фактори туку и од геолошките и морфолошките елементи кои имаат суштинско влијание во цивилизацијата на општеството. Зачувањето и унапредувањето на геолошкото наследство за Република Македонија е посебно важна и препознатлива потреба и како такво треба да се вградува во оваа законска регулатива. Ива го зборувам од аспект на тоа бидејќи во претходната дискусија по законот за животна средина ова што е овде вградено на некој начин упатува дека мојата забелешка дека во инспектоскито надзор односно орган геолозите треба да влезат како луѓе кои навистина треба и ќе дадат значителен придонес во оваа свера.

Од моја страна и од пратениците на пратеничката група на ЛДП овој закон во прва фаза, како што веќе истакнав ќе биде подржан.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Не).

Доколку никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да го прочитам заклучокот би ги замолила колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласањето.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на природата.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно до извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Јас ги молам уште еднаш колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да обезбедиме кворум и да гласаме.

Службите ги молам да помогнат во определувањето на точниот број на присутни пратеници во салата.

Пратеничките групи кои што не се целосно присутни да ги контактираат своите колеги кои пред малку беа во салата, да дојдат да гласаат.

(Службите го определуваат точниот рој на присутни пратеници во салата).

Ги молам колегите пратеници сериозно да помогнат во обезбедувањето кворум на сите кои се овде присутни.

Ако може да заклучам, изгледа тешко ќе собереме кворум во овој момент, дали имаме информација дека некои колеги се на пат да дојдат во салата? (Нема).

Во тој случај ја прекинувам седницата.

Утре е работен ден за Собранието но ние нема да имаме седница, а за следната седница ќе бидете благовремено известени.

(Седницата со работа прекина во 15,55 часот).